# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Четириесеттата седница на Собранието
на Република Македонија, одржано на 31октомври 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пред да ја започнеме седницата, јас ги повикувам сите колеги пратеници да влезат во салата, а исто така и претставниците на Владата.

Колегите пратеници кои сеуште не се во салата, да дојдат за да можеме да почнеме.

Да започнеме со седницата, верувам дека до моментот на гласање ќе се комплетираме.

Продолжуваме со работа по Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Андреј Жерновски, Зоран Шапуриќ, Борис Кондарко, Јани Макрадули, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Али Ахмети, Хисни Шакири, Фазли Велиу, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Преминуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем склучен помеѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

За збор се јави госпоѓа Цветле Јаневска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Почитувана госпоѓо потпретседател, претставник на Владата, колеги пратеници,

Сакам да дадам едно свое видување по Предлогот за донесување закон, а за гаранција по Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Електростопанство на Македонија и помеѓу Европската инвестициона банка, а за реализација на проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија.

Несомнено е дека електроенергетскиот систем претставува еден значаен односно и главен столб на една држава, па секако и на нашата и тој столб, сопствен ако е и стабилен, претставува и претпоставка и основа за развој и на стопанството и за целата држава.

Поаѓајќи од една максима дека електричната енергија претставува крвоток на современото живеење, имаме едни констатации дека таа се наоѓа во една постојано нагорна линија на зголемување односно на потребите од нејзините количини. Заради проектираните, а се надевам дека и ќе се остварат очекуваните стопански развивања во нашата земја и согласно со нив претпоставките од едно зголемување на ниво на Македонија од 3,3% годишно се наметнува една потреба внимателно и константно да се изградуваат електроенергетски објекти, кои што ќе можат да ги прифатат ново појавени потрошувачи, а исто така и да го следат развојот на стандардот на постојаните потрошувачи. И, како што секој еден електроенергетски систем бара збој развој, тежнее кон тој развој и заокружување, така и нашиот, но во исто време потребно е и да се создаваат услови паралелно со тој развој и за поврзувања интерконективни со електростопанствата на другите земји.

Држам до фактот дека секогаш инвестиционите циклуси во Електростопанството се предизвик не само за компанијата, туку севкупно и за нашата држава.

Затоа, подржувајќи го предлогот за донесување на гаранзија, а по Договорот, предметниот договор мислам дека правиме едни убави услови за реализација на еден многу значаен проект, проект за насловен Европска инвестициона банка, а за изградба на трафостаници во Република Македонија. Практично, со овој проект претставува еден комплекс од неколку подпроекти и тоа за изградба, реконструкција и модернизација на електроенергетските објекти односно за вложување во тој синџир од производни, преносни и дистрибутивни капацитети.

Тоа се изградба на 400 киловолтна станица, изградба на 210 киловолтни трафостаници, изградба на 110 киловолтен далековод и инвестирање во опремата на преносната мрежа, во замена на опремата на преносната мрежа. И, овие објекти ќе се финансираат со кредитирање, што морам да кажам во овој момент дека камо среќа, тие ќе бидат во Скопје, да можеме и сите конзумни подрачја низ Републикава, да можеме да ги исфинансираме, затоа што во секое едно конзумно подрачје постои барем по една невралгична точка во својот електроразвој. Оваа трафостаница е од 400 киловолтна станица од прв приоритет и таа претставува надградба на постојна 220 киловолтната трафостаница насловена како Трафостаница Скопје - 5 и со нејзе ќе се постигне поголема доверливост на напојувањето со електрична енергија. Инаку, карактеристика на скопското подрачје конзумно е постојан пораст на побарувачката од електрична енергија. Тука, пред се, најголем удел во таа побарувачка од електрижна моќност е категоријата останата потрошувачка и со либерализација на приватната иницијатива. Во градот Скопје се реализираат голем дел урбанистички подрачја со сите содржини на современо живеење и јавен стандард. Исто така, во тек се и ревизии на деталните урганистички планови со една тенденција на либерализација на просторот за создавање услови на приватна иницијатива, на зголемување на бројот на трговски дуќани, туристички локалитети во пренаменети простории.

Во приградските населби на конзумното подрачје Скопје има една особина што веќе претставуваат свои урбани целини со сите содржини, така што како резултат на сите овие настанувања во градот Скопје односно во конзумното подрачје на град Скопје на електричната енергија, да се создаде една потреба од навремена, а би рекла предвремена интервенција односно прединвестирање во енергетските капацитети, за да може да се одржи чекор со нивниот развој. Но, тука сакам да кажам веднаш дека постои една состојба каде што најголем дел, би рекла дури 70% од потрошувачката на електрична енергија се користи за затоплување на станбените и деловни простории. Тоа е една карактеристика на нашиов конзум, што никаде ја нема во светот, а ја има во нашата Македонија, каде што има многу оскудни ресурси за производство на електричната енергија. И, во критиките никој нема да каже дека мораме да си признаеме сите ги пуштаме нозете повеќе отколку што ни е долга чергата. Чинам дека само електростопанството знае за потешкотиите од модата да се загреваат и станбените и деловни простории со топловодно греење, употребувајќи електрични котли со голема моќност, термо печки, греалици и многу други апарати, кои што несомнено во голем дел ја зголемуват односно ја

пренапрегнуваат и онака постојната пренапрегната електрична мрежа на ова конзумно подрачје.

Затоа, велиме дека во скопското конзумно подрачје мрежата е пренапрегната, динамички, електрични, пред се, и потребни се инвестициони вложувања. Изградбата на двете 110 киловолтни трафостаници се надеваме дека ќе внесат релаксација во оваа електрична мрежа, Ќе ја подобрат сигурноста во континуитатот на испораката на електрична енергија. Тоа се двете 110 трафостаници во Петровец и во н. Аеродром, кои што претставуваат надградба на постојните 35 на 10 киловолтни трафостаници. Овие две трафостаници се надеваме дека ќе ги намалат и испадите, кои за време на 2002 година, за Петровец трафостаницата 35 на 10 регистрирани се дури 314 испади од електричната мрежа, што претставува дури 35% од вкупните испади на елементите на дистрибутивната мрежа во скопското конзумно подрачје. А, во Аеродром 81 непланиран испад од електричната мрежа, што претставува 7,7% од вкупните испади.

Паралелно, пак, со таквите изградби на трафостаниците, неминовно е според техничките принципи, да се следат интервенции во далеководните линии. Таков е делот што е предвиден во проектот за изградба на далеководот Вруток, Трафостаница Тетово -2, со кој ќе се вклучи овој далековод во комплексот далеководи во Полошкиот регион, кои што претставуваат значајни елементи за поврзување на Термоелектричната централа Осломеј, Хидроелектричната централа Шпиље и Маврово. Овој далековод е многуј значаен, а произлегува и од фактот што бил предвиден за изградба дури и во 2001 година. Исто така, треба да се интервенира и во преносната електрична мрежа. Има дел во тој проект и тоа за замена на 400 киловолтни прекинувачи за мониторинг на трансформаторите 400 киловолтни и исто така замена на елементи и опрема од релејната заштита.

А, сега, сакам да проговорам зошто токму овие енергетски објекти се финансираат со кредитирање. Тоа е затоа што финансиската состојба на компанијата Електростопанство, акционерско друштво е многу лоша и тоа ограничува Електростопанство да може со свои сопствени средства благовремено да интервенира и да ја подготвува електричната мрежа за се поголемиот број јавувања на потрошувачите. Тоа е и како резултат што постојат финансиски дупки во Електростопанството како резултат на ненамирените обврски меѓу побарувачите и потрошената односно и ненамирените количества на електрична енергија. Ако кажам само дека постои сума околу 211 милиони евра, кои што не се намирени, кои

што не се намирени побарувања, а ова претставува еден приближно годишен ефект од работењето на Електростопанство.

Исто така, забележителни и ненамирени обврски спрема деловните банки, а најмногу кон добавувачите и тие се тешки некаде околу 76 милиони евра напластени резерви на опрема во подручниците. Исто така, принуди од касата на Електростопанство да се даваат девизи за увоз на електрична енергија, а како резултат што ненавремено се интервенирало во потребните и неопходните од прв приоритет електро објекти за снабдување со електрична енергија. Не можам, а да не го потенцирам фактот дека голем дел од ваквите состојби, мора да се адресираат и на раководниот тим во претходниот состав. Ова е основното, а на нив, ако се надоврзат уште и трошоците направени со мобилните телефони, енормните сметки од угостителските услуги, безмилосното користење на возниот парк во Електростопанство и другиот имот на претпријатието. Ова е се само регистриран мираз што остана од претходниот состав на менаџментот на Електростопанство, на навиот состав на менаџмет во Електростопанството.

Затоа, сметам дека прифаќањето заем од Европската инвестициона банка од страна на ЕСМ за изградба на неопходните од прв приоритет на електро енергетски објекти, претставува израз на еден одговорен и сериозен пристап од раководителите во ЕСМ, за да се надмине катастрофалната состојба односно да врати девалвираното реноме на Електростопанство на Македонија и пак да се направи таа Електростопанство компанијата да биде стожер и понатаму на општествено-економските текови.

Задолжувањето кај една европска институција каква што е Европската инвестициона банка го сваќам пред се и како спремност за отворено, транспарентно и чесно работење на сите вработени од Електростопанство, да се прифатат критериумите со надзор во работењето и доследно испочитување на европските норми и стандарди. Ова се со цел, мислам за да се добие приклучок и да се оствари приклучокот за влез во семејството земји на Европската унија.

И, заради сето ова напред кажаното ќе го поддржам и ќе гласам за овој предлог за донесување на предметниов закон. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам, госпоѓо потпретседател, господине заменик министре, колеги пратеници,

Дозволете ми да го искажам своето мислење, својот став и ставот на пратеничката група на ЛДП по оваа точка од дневниот ред. Истовремено, ќе ја допрат и наредната точка која се однесува за задолжување на Електростопанство кај Европската банка за обнова и развој за изградба на далековод од 400 киловатен далековод од Штип до Црвена Могила во Бугарија, бидејќи се работи за иста проблематика и не би сакал двапати да го одземам вашето внимание.

Живееме во време кога евтината и достапна енергија претставува клучен ресурс за економскиот развој и благосостојба на државиате. Зошто тоа е така, не е потребно посебно да се образложува. Поседувањето на стабилен енергетски систем ја детерминира нашата денешница, а особено нашата иднина. Од тие причини прашањата кои се поврзани со енергетската стабилност на Република Македонија, конечно треба да го добијат приоритетот кој го заслужуваат.

Во овој контекст би сакал да потенцирам дека во иднина ќе мора повеќе да се работи на планот на подигање на свеста во нашата земја за значењето, кое енергетската стабилност на Македонија го има за нејзината севкупна, економска и политичка стабилност.

Балканскиот регион во кој Република Македонија е географски детерминирана, за жал сеуште е премногу турбулентен и не баш многу благонаклонет кон нас. Енергетската зависност од само една оска на Балканот ја доведува Република Македонија во подредена и целосно зависна позиција, што може да има длабоки и далекусежни негативни последици по развојот на државата. Тоа, впрочем и не мора да се образложува изминативе десетина години се жив и најдобар пример и доказ за ваквата реалност.

Од овие причини, инвестициите во енергетскиот сектор се клучни за иднината на државата. Убеден сум дека без доволна посветеност на енергетскиот сектор во 21-от век не е можно воопшто да се размислува за стабилен економски прогрес кон кој сите се стремиме.

Во овој поглед Република Македонија како мала земја, со крајно ограничени природни енергетски ресурси, е крајно лемитирана. Затоа, мораме да направиме се за подобрување на перформансите на електроенергетската инфраструктура на државата, со што ќе се овозможи голема заштеда на електрична енергија и нејзина рационална потрошувачка. Ова е особено важно, со оглед на тоа

дека во не така далечна иднина резервите на јаглед како основна суровина на која се заснова производството на електрична енергија во Република Македонија, можат да бидат и тоа како дискутабилни.

Затоа, крајно време е да се ориентираме кон надминување на крајно неповолните состојби во оваа свера, како би создале флексибилен, современ и одржлив енергетски систем, кој ќе биде во функција на економската стабилност на државата и нејзиниот долгорочен развој.

Од исклучителна важност е тенденцијата за развој на енергетскиот сектор на државата да се заснова на нашите сопствени сили и ресурси. Сепак, со објективно ограничените можности на нашата држава, јасно е дека за да се постигне посакуваната цел, неопходна е финансиска помош од странство. Иако, начелно сум против било какво дополнително задолжување на нашата држава, имајќи ја предвид и онака големата задолженост, сепак, кога е во прашање електроенергетскиот сектор, сосема сум свесен дека неговото подобрување кое е од незаменливо значење за севкупниот развој, па дури и опстојувањето на државата, е сепак еден од неприкосновените приоритети.

Затоа задолжувањето на Република Македонија со ваква цел сепак претставува нужност во овој момент.

Денес пред нас се наоѓаат два закони со кои би требало да се создаде законска односно правна основа за реализација на два проекти кои се од витално значење за идниот развој на електроенергетскиот сектор на државата. Со првиот се предвидува гаранција на Република Македонија за заем кој ќе го земе Електростопанството на Македонија од Европската инвестициона банка за задолжување по Проектот за изградба на трафостаници и вториот за гаранции на Република Македонија за заем на Електростопанството на Македонија од Европската банка за обнова и развој за реализација на далекувод кон Бугарија, поточно од Штип до Црвена Могила - Бугарија.

Станува збор за два капитални проекти на Електростопанството кои според сите планови и стратегии за развој на електроенергетскиот систем до сега требаше да бидат реализирани. Но, за жал, тоа не е така поради што постои реална опасност за дестабилизација на електроенергетскиот систем посебно во главниот град кој со 40% од вкупната електрична енергија е најголем потрошувач.

Не би сакал да ја заморувам јавноста со бројки каква е кондицијата на електроенергетскиот систем во Република Македонија. Станува збор за една сложена структура која има свои предности и слабости. Особено е важно слабостите

да не предизвикаат проблеми кои би го довеле во прашање постоењето на системот или на било каков начин би го обезвределе. Токму во овој контекст треба да се согледува ургентната и загрижувачка состојба со трафостаниците кои се предмет на идниот проект за чија реализација денес дискутираме.

Исто така мошне значаен момент кој се постигнува со реализација на овие два проекти е создавањето на услови за либерализација на пазарот, а особено што тоа ќе се овозможи во регионален контекст. Тоа ќе овозможи конкуренција и подобри цени и услуги за граѓаните. Особено е важно тоа што реализацијата на овие проекти всушност значи придонес и координација на коридорот Исток-Запад како стратешка определба за политичката стабилност и економскиот развој на Република Македонија.

Како една од определбите за идниот развој на македонската економија секако е и приватизацијата на Електростопанството на Македонија. Тоа е огромен и многу значаен процес кој ќе мора да се оствари порано или подоцна, но сепак за да истиот успешно се реализира неопходно е да се создадат одредени предуслови, како на економски така и на политички план. Кон приватизацијата на системот на Електростопанството мора да се пристапи многу внимателно како би се избегнале грешките кои се случија со приватизацијата на ТЕЛЕКОМ. Особено мора да се внимава при приватизацијата на Електростопанството на Македонија да не резултира со удар по џебот на граѓанинот, како што се случи со Македонски телекомуникации. Голем придонес кон тоа може да даде токму поголемата либерализација на електроенергетскиот пазар во Република Македонија.

Поради погоре наведените причини, лично, а и целата пратеничка група на ЛДП ќе ги поддржи законите зо кои ќе се овозможи создавање на законски и правни предуслови за задолжување на државата кај овие две реномирани европски институции. За реализацијата на овие проекти сигурен сум ќе претставува силен импулс за натамошниот развој на електроенергетскиот систем како основен предуслов за економски развој и просперитет на државата. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА :

Збор има господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, колеги пратеници,

Еве денес мојот говор ќе го почнам малку поинаку, треба да бидам попрецизен и затоа ќе внимавам.

Дали Владата ги превзела неопходните мерки и анализи за да ни се излезе со предлог Република Македонија да ја задолжи за 53 милиони евра и притоа да земе сериозни обврски во поглед на приватизацијата на ЕСМ.

Притоа би рекол дека Владата не одговори на клучното прашање кое го поставуваат. Ако веќе сметате дека треба да има приватизација на ЕСМ, ако веќе сметате дека треба таа приватизација да се изврши, сега или за 18 месеци, тоа е исто, тогаш објаснете ни која е стратегијата која стои зад вашиот план за приватизација. Која е програмата што сте ја предвиделе. Кои се проценките што сте ги направиле. Кои се моделите што сте ги испитале, а кој е моделот на кој играме.

Ако тоа не е познато, навистина ако тоа никој не го кажува, нам ни станува јасно дека никој не го кажува заради тоа што таков план, таква анализа, таква аклиматизација не постои. Тоа е страшно. Да ви дојде Влада и да ви каже дека најголемиот бизнис кој може оваа држава да го продаде, ако сака да го продаде, нека го продава без план, нека го предава без програм, нека го продава без дефинирана цел, тогаш ви станува јасно дека од оваа Влада повеќе или помалку не може да се очекува.

Мислам дека со овој предлог и со начинот на кој го браните односно не го браните Владата го допира дното.

Кога зборувавме за стратегија, можеби некому му изгледа чудно, можеби некој ќе каже стратегија е да се продаде ЕСМ, да се земат пари, дел од тие пари можеби ќе ги земе државата, дел од тие ари ќе ги земат поединци. Тука нема многу филозовија. Меѓутоа, првото прашање на кое можете да паднете на тестот на приватизацијата тоа е либерализацијата на реформите на енергетскиот систем е прашањето на стратегијата. Веќе зборувавме дека еден случај е доколку сакаме да добиеме пари за државата ако ни требаат итно, ако е Македонија банкрот и ако не може да најде никој друг сектор кој би и донел толку голема сума на пари иако знае дека тие пари ќе бидат еднократни, иако знае дека тие пари потоа не можат да се репродуцираат и дека ќе се потрошат дали за една, дали за две, дали за пет години, без разлика смета дека тоа мора да се направи. Значи, во тој случај би имале еден тип и концепт на приватизација. Целата фирма би се продавала во комплет и на тој начин претпоставуваме дека ја добиле најдобрата можна цена за ЕСМ. Меѓутоа, во моментот никој во Македонија не кажува дека денес имаме такви услови. Никој не ажува дека Македонија не може да ги исплати своите, буџетот, нели имаме суфицит

и тн. и дека всушност парите не се неопходни во државата, барем не на некој начин што би претпоставиле.

Втора причина или втора стратегија која би ја имале доколку сметаме дека единствен начин за да го заштитиме, зачуваме системот за да тој продолжи да егсистира и да испорачува електрина енергија доколку се соочува со сериозни проблеми во испораката дека единствен проблем е да се продаде и таа грижа да му се префрли на приватниот инвеститор или на приватниот сопственик. Меѓутоа, има многу држави во светот кои го имале тој проблем. Има држави во кои цели сектори, цели региони од државата немаат електрична енергија. Во такви сектори, во држави во кои не можат да се најдат средства за такви инвестиции, се оди на вакво продавање. Меѓутоа, тоа во Македонија не е случај. Овој сектор функционира и ќе функционираше многу подобро да не беа сериозните политички мешања во работата на она што требало да биде професионален сектор.

Трета работа или трета опција за можна стратегија би било доколку Македонија и ЕСМ, Министерството за финансии и слични институции заклучат дека во Македонија или македонската држава, ЕСМ нема можност за нови инвестиции кои мора да бидат предвидени после 10 или 15 години, Македонија ќе се соочи сериозно со недостиг од електрична енергија. Ова е релевантна загриженост или ова е релевантна причина за грижа. Мораме да седнеме и да пресметаме колкави се потребните инвестици во енергетскиот сектор во Македонија за да ги задоволат побарувањата планирани за 2010, 2015, 2020 година. Кои се тие инвестиции кои се оптимални и на крајот на краиштата кои се изворите за инвестирање. Меѓутоа, тука имаме различни опции. Не мора да одите на целосна приватизација, можете новите програми или новите сектори, новите објекти кои ќе бидат во изградба да ги дадете на приватни инвеститори кои реално, вистински ќе инвестираат во Република Македонија, а не само тоа што ќе откупат објекти кои се веќе постоечки и кои функционираат. Такви случаи се поттикнуваат и треба да ги поттикнува македонската Влада заедно со ЕСМ. Значи, случаи на независни производители кои ќе бидат независни инвеститори во делот на нови енергетски објекти. Меѓутоа, во овој случај доколку го погледнете Предлогот на законот, доколку го погледнете Договорот, доколку ги слушнете оние ретки претставници на Владата кои нешто кажале за приватизацијата на ЕСМ единствениот заклучок кој ќе го имате е дека всушност новиот инвеститор, ако има таков, дека нема да преземе никакви обврски за дополнителни инвестиции.

Има две ситуации. Една е вие да имате договор во кој ќе предвидите дека тој нов сопственик ќе има обврска да инвестира толку и толку средства во секторот наредните две години. Тоа е една работа.

Меѓутоа, сосема друга работа е ако таа обврска не ја предвидете со договорот. Во тој случај стратешкиот инвеститор, може да се случи, воопшто да нема интерес да инвестира во нови објекти во Република Македонија. Електрична енергија во Република Македонија да купува од некоја од соседните држави, генерално од други држави, од други производители.

Дали Република Македонија е заинтересирана да стане само територија, земја, ако сакате, во која ќе се транспортира само електрична енергија до неа или евентуално низ неа, а нема да има ниту едни дополнителни производни капацитети и за тоа треба да зборуваме.

Мислам дека ќе биде најлош случај затоа што нема човек во Македонија кој не зависи од услугата што ја нуди ЕСМ. Нема човек, семејство, домаќинство, економски субјект или индустрија која на секој први во месецот, секој последен ден во месецот нема да се соочи со последиците на тоа дека ова Собрание дозволило монополот да стане приватен и тој приватен монопол да диктира цени што нему му одговараат и за кои никому не одговара.

Прашањето е дали сакаме да ја приватизираме дистрибуцијата. Дали сакаме целата дистрибуција одеднаш, дали сакаме целото производство одеднаш и тн. Една од многуте студии што беа направени за реформа на ЕСМ помогнати од страна на Агенцијата за меѓународен развој на САД е еден од проблемите што го воочи во претструктуирањето е следниот, недостиг на сеопфатен стратешки деловен план за ЕСМ е многу сериозна пречка што ја подрива неговата способност за успех на функционирањето.

Прво, тоа е детектирано како проблем на неговото функционирање, а второ, дека токму поради недостиг на овој сеопфатен стратешки деловен план на реформите на секторот дека заради тоа цената би се платила и во евентуалната лоша натамошна форма и евентуална приватизација.

За крај би кажал уште нешто, меѓутоа, мислам дека пред се пратениците на парламентарното мнозинство треба да постават барем дел од прашањата што ги слушнавме во текот на денешниот и минатиот ден на претставниците на Владата, јас би рекол ресорните министри, премиерот кои преговарале за сето тоа да им ги постават и да им го бараат пред тие да им го дадат гласот, да слушнат барем два три аргументи што ќе одат во полза на ваков Предлог на закон. Во меѓувреме, се

додека такво нешто не слушнеме речиси не е можна дискусија во македонското Собрание, а камо ли прифаќање на ваков закон.

Господа пратеници ова е дискусија пред 16 месеци, стенографски белешки од 111-та седница на Собранието на Република Македонија од 16 јули. Ова го говори еден од потпретседателите на сегашната Влада а Република Македонија. Мислам дека е доволно кажано, доволно зборувано, но да видиме што сега се случува со овој закон што во моментот се наоѓа пред нас.

Во претходниот дел од седницата кога расправавме за делови од ЕСМ и како тоа ќе оди понатаму, сега би ја кажал мојата дискусија и моите размислувања што добиваме, а што губиме со овој закон  и со оваа несериозност на Владата на Република Македонија за електроенергетскиот систем и комплетно за ЕСМ.

Еве, после една година имаме можност да расправаме за нешто што дирекно доаѓа од ЕСМ, но, за жал, сега се бара Собранието да изгласа закон за гаранција по финансискиот договор за заем. Но и сега по скратена постапка за да се потпише во Венеција утре за време на состанокот од реконструкција до економска  интеграциа, но мислам дека тоа не е можно. Ова ќе го говорев во средата, но сега дефинитивно не е можно бидејќи денеска е 31 октомври, а како што кажа заменикот министер тоа требаше да се потпише на 30 октомври, нам ни беше понудено на 29-ти и мислам дека тука се зборува за комплетната несериозност на Владата и законите кои се нудат пред пратениците и токму затоа она што го говоревме кога Владата и во кое време ќе ги понуди овие закони е многу битно да го знаеме сите.

Значи, како и многу закони до сега се носат сите по итна постапка, се гласа и завршува целата работа. Што ќе изгласаме ќе види народот и сите оние што треба да ги платат овие работи.

Пред нас е презентирана програма и проект за трафостаници на ЕСМ со кои се предвидува да се направат студии, дизајн, производство, градежни работи, инсталации, активирање, функционирање на следните главни компоненти.

Прво, трафостаница Скопје 5. Од 400 на 110 киловолтно ниво т.е. надградба на постоечката 220 на 110, на 35 киловолти трафостаница Скопје лоцирана во населба Бутел.

Предвидената цена за оваа трафостаница е 11,5 милиони евра.

Второ, трафостаница Петровец 110 на 10 од 3,1 милион евра.

Трафостаницата Драчево од истата конфигурација 2,4 милиони евра, 110 киловолтна далекуводна линија Вруток трафостаница Тетово 2 од 3,3 милиони евра

и замена на високонапонската опрема со 400 киловолтните трафостаници Скопје 4 и Дуброво со вредност од 1,4 милиони евра.

Ова што го добивме како пратеници ни зборува дека е влезено во краткорочниот и среднорочниот план, но ова е само еден дел од некој план за изградба, ревитализација и модернизација на производни, преносни и дистрибутивни проекти и објекти во период од 2001, 2005, 2010 и 2015 година.

Значи да повторам производни, преносни и дистрибутивни проекти. Што во моментот е пред нас е последното - дистрибуција. Тоа е во ред од аспект на сигурноста на системот, но тоа само по себе решава малку. Зошто? Неколку пати на ова Собрание во оваа година се обидувам да објаснам дека ако Владата на Република Македонија продолжи со својата несериозност кон овој примарен проблем за опстанокот на стопанството, но и на државата воопшто ние за периодот од 8 до 9 години ќе останеме во темница или целата држава ќе плаќа струја во кеш од која ќе ни се крева косата на главата, а сепак не ќе можеме да увеземе толку струја која ќе биде потребна ако ТЕ Рек Битола одат во аут. Можеме да имаме пренос и дистрибуција најдобри на светот, но без производство не знам што ќе носиме низ тие силни системи.

Значи, трафостаници да, но приоритет за Република Македонија мора да има производството т.е. обезбедување енергија, отворање на рудникот Неотино, експлоатација на слоевите на рудникот Суводол, рудникот Живојно за да можеме утре да имаме енергија која ќе ја пренесуваме низ овие системи.

Термоелектрани веќе има и сеближат кон експлоатациониот век од 20 години и повеќе така што генералните ремонти за да бидат во кондиција истите ќе побаруваат многу поголеми средства од оние што се одобруваа до сега на што ЕСМ треба да води посебна сметка.

Трафостаници да, но не се приоритетни и големината на Владата е да го направи тој приоритет со оние луѓе кои се директно задолжени со овие процеси. Но, во времето на владеењето кое госпоѓата пратеничка претходно го коментираше и го критикуваше се направија доста трафостаници, се направи многу во преносниот и дистрибутивниот систем, се направија многу мрежи и нисконапонски и високонапонски, но за голема среќа тоа се правеше со сопствени средства и државата Република Македонија не е задолжена ни со еден единствен денар. Значи, се од сопствени извори и резерви што сегашното раководство не го може и не знае како или премногу знае. Зошто? Ако само за еден ден или 20% од генералниот план се задолжуваме 13 милиони евра, а истото чини 27 милиони евра многу едноставно

со истото темпо на задолжување и чинење после 10 години тоа би чинело 140 милиони евра и ако секој се задолжува како нив 65 милиони евра долг само за трафостаници и тоа да се плати во некој период од 40-50 години со грејс период од пет години почетни, значи тие ќе градат, ќе купуваат, но за плаќање некоја друга гарнитура или нешто што нас како Парламент не ни е познато.

ЕСМ веќе почна да се продава. Дали престојните преструктуирања, приватизацијата со овие кредити ја прават ЕСМ покурентна за продажба, или ги ослабнуваат позициите на ЕСМ во се' она што не очекува. Сега ми се поставува едно прашање и без да сакам, како може Европската инвестициона банка да одобри толкави кредити за фирма што има црна дупка од 150 милиони евра, а тие еве, се упорни и таа црна дупка ја зголемуваат за додатни 106 милиони марки, или 53 милиони евра, што значи дека некој ги фрла парите, а тешко ќе може да ги поврати. Па така ќе остане се' ова да го исплати државата т.е. народот кој е гарант за овој кредит, а ние како Собрание треба да го потпишеме законот. Ова како еден вовед во се' она што следи директно со законот и оние договори меѓу Европската инвестициона банка и за жал државата чие име допрва ќе го определиме како што стои во Договорот. И Европската инвестициона банка со А.Д. ЕСМ - Скопје.

Како пратеник би прашал за член 6, зошто нас како на пратеници не ни е доставен договор меѓу Министерството за финансии и А.Д. ЕСМ со кој се регулираат меѓусебните права и обврски по основ на издадената гаранција, туку тој допрва ќе биде склучен и дали за тоа дополнително ќе расправаме, бидејќи е составен дел на овој закон. Не сум стручњак за кредити и каматни стапки, но дали Министерството и А.Д. ЕСМ досега не можеа да се договорат за тоа која каматна стапка ќе се применува. И она што значи фиксна би било 5,5 до 6%, или пак променливата која се утврдува на секои три месеци би се движела 2 до 2,5%. Мислам дека и двете се доста високи што се гледа од каматата за време на изградбата која би изнесувала 1,6 милиони евра, значи поголема отколку поправката и доопремувањето на високо напонската опрема што чини 1,4 милиони евра и во трафостаницата Дуброво и во трафостаницата Скопје-4. Она што значи договор меѓу Европската инвестициона банка и Владата на Република Македонија е точка 20.2. Примарен карактер на обврска во која се кажува дека гарантот е примарен обврзник, а не само гарант и тој не е ослободен ако се работи за овие активности. Под став б) имаме неспособност, немање капацитет, или промена на статусот, или структурата на заемопримачот. Зошто го издвојувам ова, кажав дека капацитетот е на РЕК-Битола и тие се исцрпуваат за 8 до 9 години. Кредитот се исплаќа 20 години. Што после 8, 9 години и

поминатиот грејс период од 5 години. Значо, после 3 до 4 години од враќањето на кредитот ЕСМ незнам од каде ќе собира пари ако нема производство, а и да се направи нов капацитет за истиот ќе треба да се задолжиме десетократно повеќе од овој кредит што е пред вас. Значи, треба добро да се размисли дали А.Д. ЕСМ воопшто ќе биде способна да ги враќа тие пари. Во финансискиот договор меѓу Европската банка и ЕСМ посебно би сакал да проговорам за член 10, предвремено плаќање во случај на неисполнување. 1001, веднаш се исплаќа цел заем, или дел од него заедно со каматата кумулирана во него ако по писмено барање на банката се заклучи, став 1, било која информација, или документ во врска со преговори, или за време на траењето се покаже дека не се точни во каков било материјален детал да го видиме планот в) и она што како документ е издаден од А.Д. ЕСМ во кој во ставка 5 се вели: колку што знаеме сме извршиле соодветна истрага. Не е во тек никаква парница, арбитража, или законска постапка, или истрага за која е започнат процес против нас, или која било од нашите релевантни подружници кои доколку негативно се решат би можеле да имаат материјално негативно дејство врз нашата способност да ги извршиме нашите обврски според финансискиот договор.

Господа пратеници, тука расправавме два дена за 1100 вработени во А.Д.ЕСМ. Тие 1100 вработени беа избркани од работа и сите тие сега водат судски спор кој доколку се реши во нивна корист, а мислам дека сите предуслови за тоа постојат и дека така треба да се реши, тогаш А.Д.ЕСМ би требало веднаш да исплати многу голема сума пари. Тука се средствата за експропријација за кои што говоревме и со селаните и месното население од Осломеј, исто и во Битола во многу од соседните села во кругот на рудникот “Суводол” каде Што оваа експропријација сеуште не е завршена, потоа има обврски кон цели села и подрачја кои досега не се исполнети. Дали за ова се размислувало од страна на ЕСМ, или пак се издвоени средства за истите . Од член 10.1 став 5 , веднаш да се наплати цел долг ако се издаде налог, или се донесе ефективно решение за ликвидација на заемопримачот, или пак заемопримачот презема чекори кон значително намалување на својот капитал што во случајот е токму така, се прогласи за несолвентен, или прекине, или решава да прекине со извршувањето на целото или кој било значителен дел од неговото деловно работење, или активности освен во текот на материјалното реконструкција, спојување, реорганизација, или консолидација претходно договорено со банката, значи и овој став донесува сомнеж дека ова може да се случи и повторно народот да го плати сето ова и тоа веднаш.

И за крај господа би кажал збор, два и за планот г) т.е. документот, писмо од Владата во кое во став 2 се вели: да го подржиме секое зголемување на тарифите, промените во условите на понудата и други мерки како што може од време на време да предложи заемопримачот, значи во случајот ЕСМ за покривање на неговите оперативни и други трошоци. Со овој план г) и тоа што го кажува Владата народот е донесен во ситуација поради оваа обврска што Владата ја превзема за А.Д. ЕСМ да може секогаш кога ЕСМ предложи покачување на електричната енергија тие да ја прифатат, затоа што ова е обврзувачко, а народот како и досега секогаш ќе си плаќа и не ќе знае ни колку, ни зошто. Од целиот проект основен трошок е 22,7 милиони евра, а во проектот се предвидени уште технички и непредвидени трошоци со 2,3 милиони евра, камата од 1,6 и инжинеринг и супервизија од 1 милион. Дали со овој договор кој што не можеме ние да го видиме, дали техничкиот дел ќе биде со производи од домашно производство и со домашните произведувачи за колку толку барем ова мртво стопанство да почне да се движи. Моето мислење е дека јас мислам дека треба да се направат овие и сите други трафостаници, но со сопствени средства и домаќинско работење, а не како што слушнавме од самата Влада дека средства за инвестиции би останале неискористени. Еве можност господа, искористете ги во производство, пренос и дистрибуција, а не да го задолжувате народот , или пак да почнете да го продавате ЕСМ и да ја намалувате реалната вредност на комбинатот. Затоа трафостаници да, но задолжување, не. Сега додека траеше овој закон и додека одеа сите овие работи побарувањата за овие кредити се случи нешто нелогично, но за мене е логично затоа што го знаев, но луѓето не го знаеја. Во меѓувреме во сите средства за информирање се најавува крајот на месец ноември и пуштањето на нова трафостаница Скопје-5. Во која што вели дека Електростопанство ги известува граѓаните дека Скопје никогаш нема да остане во мрак. Скопје никогаш повеќе нема да остане без струја во наредните 15-тина години откако ќе биде пуштена во погон новата 400 киловолтна високонапонска станица Скопје-5 која се наоѓа во населбата Бутел-2. Ова го изјавува портпаролот на Електростопанство на Макеоднија. Новата трафостаница ќе биде пуштена кон крајот на ноември. Инвестицијата чини 10 милиони евра. Дали има господинот Новевски погрешна информација, или пак ова што го гледаме во Договорот е погрешно, затоа што тука стојат 11,5 милиони евра од кои 6 милиони обезбеди Електростопанство на Македонија и 4 милиони евра се кредит од Европската инвестициона банка. Оваа и трафостаницата Скопје -4 во населбата Пинтија ќе го снабдуваат Скопје кое троши 40% од вкупната

потрошувачка на струја во земјата. Опремата е набавена од германски и од шведски компании , а изведувачи на работите се домашните претпријатија. Значи, ние зборуваме за две работи, а се работи за една иста работа, ако е тоа трафостаницата Скопје-5, значи таа е готова и сигурно дека и ние ќе бидеме поканети на отворањето во текот на овој месец што следи, а за истата се побарува 11,5 милиони евра. Нешто не гледам дека е логично, но има нешто друго. Цело време говориме за потрошувачка од 40% и дека тоа е потрошувачката , најголем потрошувач во Република Македонија е токму Скопје, но досега не слушнав барем еден да каже дека 80% од производството е РЕК - Битола и дека никој не се грижи тоа производство понатаму да продолжи на било каков начин со отварање на нешта кои што треба да ги имаме. Ние сакаме да имаме конзумно подрачје и потрошувачи. ј Господинот Сашо Нововски незнам од каде ќе ги обезбеди овие за наредните 15 години електрична енергија, но ќе имаме големи проблеми, затоа што се'ова задолжувањата, јас ви кажав кога немаме производство, јас не гледам Електростопанство на Македонија од каде ќе наплаќа средства за да може да ги враќа овие кредити за кои што се задолжува, а гарант застанува Република Македонија . Значи, треба да знаеме две работи, како е предвидено сето ова да се враќа, која е програмата, дали се мисли дека ќе најдеме некоја многу поефтина струја од оваа што сега ја произведуваме, па ќе имаме разлика во цени со која што Електростопанство на Македонија ќе може да го враќа овој долг, затоа што Ве уверувам без еден, или два блока од РЕК - Битола Македонија доаѓа во многу тешка крајно критична ситуација. Затоа господа јас очекував дека и од самите комисии што беа поставени прашањата до Владата за да добиеме една реална претстава како понатаму ќе се одвиваат овие работи, ние со ова што го правиме, можеби правиме точно она што не сакаме, да направиме трафостаници за некој што утре ќе приватизира и што ќе биде газда на тој дел од дистрибуцијата да дојде и на токму нови трафостаници за кои што многу пати бевме сведоци дека после тоа се откажуваме и тој добива нешто ново, а кредитот останува на државата и со тоа имаме успешна приватизација, како што направивме за многу работи досега.

Јас мислев дека во меѓувреме ќе добиеме нешто кое што е побарано од комисиите од Владата со цел да добиеме една реална состојба за задолжувањето. Беше потребно Министерството за финансии да достави податоци за тоа колку изнесува вкупниот долг во странство заедно со задолжувањата кои ќе произлезат од овие три закони кои се предмет на денешната седница, а тие задолжувања изнесуваат 150 милиони евра се задолжува Република Македонија. Значи, јас би

сакал за тоа да имаме информација и би сакал да се проговори. Во случајот јас како пратеник лично ја немам, можеби некој ја има и ќе проговори. И друго, мислам дека треба да се нарпави на крајот една анализа, да видиме дали со ова ние стигнуваме во ситуација Електростопанство на Макеоднија да биде подобар предмет за продажба, или со ова тотално го уништуваме и она што можеше да се продаде од него, затоа што допрва ќе престојат овие исплаќања на кредитите кои што тешко кој може да ги прифати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Јас се јавив за реплика за време на првиот дел од дискусијата на колегата Мавровски која што беше исклучиво посветена на приватизацијата на ЕСМ со цел да реагирам дека тема на оваа точка воопшто не е приватизацијата на ЕСМ и дека минатата Влада беше таа која што всушност имаше план да го продаде Електростопанство без никаква програма и без никаква стратегија за тоа. Благодарам на колегата  што не потсети на тоа идилично време.

Кога веќе земав збор за реплика, сакам да укажам и на една друга теза која што беше искажана во оваа дискусија, а тоа е дека ЕСМ зема заем и прави една инвестиција во дистрибутивната мрежа за да ја намали вредноста на претпријатието. Мислам една сосема неиздржана теза. Трафостаниците се прават за потрошувачите, трафостаниците се неопходност за да се снабдат потрошувачите со енергија, а не за да се намали вредноста на претпријатието. Техниката и снабдувањето, сигурноста на снабдување на потрошувачите не е прашање на политика, туку на неопходност. Кога веќе ја имаме неопходноста за изградба на трафостаници и кога веќе имаме неопходност за изградба на Битолските рудници што во потполност се согласувам со колегата Мавровски дека се прв приоритет на Електростопанство. Ќе му објаснам и зошто ЕСМ мора да се задолжува со вакви исклучително поволни кредити кај меѓународните финансиски институции токму за трафостаниците и за далеководи, а не за Битолските рудници. Тоа е затоа што рудниците и производството на енергија од јаглен воопшто не се сметаат како поволна фаворизирана инвестиција и не ја уживаат подршката од меѓународните финансиски институции за вакви развојни заеми и проекти како што е овој со изградбата на трафостаниците и на далеководот. Според тоа, заемите се земаат за поволни инвестиции за да можат да се ослободат готовински средства кои што ќе бидат под итно упатени во проектот со Битолските рудници. Штета што минатата

Влада која што работела, инвестирала многу пари, како што рече колегата во различни проекти, трафостаници и сето тоа во кеш без да го задолжува претпријатието, како не се сетила во тоа време дека векот на Битолските рудници кој што е исклучително приоритетен истекува за 7 години.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор на репликата .

СПИРО МАВРОВСКИ:

Госпоѓо Борозан, точно е тоа дека ова за продажбата на Електростопанство кое што и понатаму е многу актуелно и после година и 8 месеци не сработивте ништо за да нешто тргне во Електростопанството. А Владата тогаш ги остави и уште вие соработувате со тие што ја проценуваа и оценуваа вредноста на Електростопанство. Мајнел банка уште е со вас и продолжува да работи. Проценката ќе се направи.

Друго, вие кажувате тука дека трафостаниците се прават за потрошувачи и тоа е точно. Јас упорно ви кажувам дека ние немаме производство, вие кажувате, ќе имаме потрошувачи. И сега или имаме генерално неразбирање, а вие гледам имавте и закон за оваа седница, а  изгледа од Владата бевте малку предупредени па го повлековте, незнам зошто, а ќе беше добро да дискутираме, бидејќи вашиот колега тука се жалеше дека многу проекти од пратениците од опозицијата доаѓаат како крадени од Владата, бидејќи многу таа ги разбира работите и  мислев дека вие ќе застанете на ова да продискутираме, да видиме дали е тоа така.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Имате само една минута за дискусија.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Тогаш, ќе си земам за право да се јавам повторно за дискусија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Димко Кокаровски, заменик министер за финансии, како предлагач на законот.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Госпоѓо потпретседател на Собранието, дами и господа пратенци, можеби беше потребно на почетокот на точката да се јавам за збор, меѓутоа сметав дека на Комисијата за финансирање и буџет како матична комисија по оваа проблематика доволно водевме расправа и овој закон доби проодност, а исто така и на Законодавно-правната комисија . Разгледувајќи го сето ова , сметав дека расчистени се некои работи и може да добие проодност на денешната седница овој закон за

гаранција на Република Македонија по однос на заемот и задолжувањето на Електростопанство на Македонија кај Европската инвестициона банка. Сакам да напоменам дека не се работи ниту за несериозност, ниту за непромисленост, се работи за една стратешка сериозна работа обмислена и од Владата, а особено од ЕСМ, менаџмент кој што со сета амбиција е влезен од 210 милиони евра долг да сведе на 150 каде што уште понатаму оди во повисок процент на наплата. За последни 4 години паднат е на 40% за да дојде таа наплата на повисок степен и да ја доведе, со убедување, она што генералниот директот го соопшти пред 4 години кога наплатата била 90%.

Меѓутоа сериозноста е во следното:

Ова задолжување кое што го предлагаме и давање на гаранција има и функционален карактер, пред се има и развоен карактер, а изнад сето тоа и интерконективен односно регионален карактер, кога ги зборуваме двата закони каде што учествува државата, Република Македонија да даде гаранција за задолжување на заем на Електростопанство на Македонија. Така да, воопшто не мислиме дека овој проект ќе биде само договор на граѓани. Електростопанство на Македонија јас не гледам никаква причина да сега претпоставуваме како би било кога би било, но воопшто не сакам ни тоа да се јави како сомнеж во овој дом дека Електростопанство на Македонија ќе пропадне. Нон сенс е тоа. Неможам да замислам, тоа значи дека ние нема да имаме електрична енергија . Некој не мисли на тоа дека оваа држава ќе застане и готово е, а граѓаните, тогаш нема ни граѓаните да платат. Тогаш ќе нема ни државата. Спрема тоа, се работи за сериозна работа, одговорна работа, професионална работа, договор кој што според сите меѓународни стандарди мора да ги опфати тие работи со Европската инвестициона банка да се заштитат двата партнери, а и договор кој што ќе го потпише Министерството за финансии, каде што по член 5 кажуваме од Законот, како ние ќе се намируваме и до колку. Ние мораме тоа да го ставиме како обврска и во тоа е сериозноста и во тоа е одговорноста.

Понатаму, да не ги извртуваме тезите. Овде сакам да разговараме за конкретниот договор. Приватизацијата, трансформацијата, јас сношти убаво го исслушав генералниот директор, д-р Панде Лазаров на Електростопанство на Македонија. Она што го соопшти на македонската јавност јас го прифаќам, меѓутоа тоа го прифаќам како соопштување на македонската јавност. Но и официјалните разговори кои што сме ги имале со Електростопанство на Македонија не убедуваат дека тие се на прав пат.

Според тоа, учеството на Електростопанство на Македонија во овој проект е 13,9 милиони евра. Поволна е каматата, можеме да бираме меѓу фиксна и променлица, во зависност од повлекување на траншите. Едната е 2,50, другата е 6. Меѓутоа, после грејс периодот од пет години, односно после 10 години, имаме барем можност да бираме. Незнаеме од денешен аспект на случувањеата на финансиските пазари како ќе се движат еврокаматните стапки. Според тоа и таа можност е поволна во овој кредит, а сакаме да обезбедиме стабилно, доверливо снабдување со електричната енергија, да го подобриме тој дел на снабдување на електричната енергија на главниот град на Република Македонија Скопје.

Тоа е намерата. Во техничкиот дел јас воопшто не сакам да се впуштам и вие госпоѓа Борозан повеќе ги знаете техничките работи. Меѓутоа, овде е финансискиот дел и во финансискиот дел сме се обезбедиле комплетно за она што треба. На Комисијата за финансирање и буџет јас ви дадов ветување дека до седницата на Собранието на Република Македонија ќе ви доставам податоци за тоа што побаравте. Уредно и педантно ви доставив податоци на пратениците од комисијата. Меѓутоа и за останатите пратеници. Во нашето гласило на Министерството за финансии стојат тие податоци. Го праќаме тука во Собранието на Република Македонија и ќе задолжиме посебно ако треба и на секој пратеник ќе дадеме по еден билтен каде што сите тие податоци од аспект на функционирањето, макроекономските случувања во државата, движењата билансни и тековни, трговски, сите податоци ги имате, мислам дека претседател на Комисијата тоа го знае и тоа го има. Финансиски, односно импликации од аспект на задолжување, бидејќи се работи за грејс переиод од пет години и по првиот и по вториот договор за гаранција и по третиот договор, односно кредит кој што ќе го склучиме со Јапонската инвестициона банка од Токио, исто така нема импликации од аспект на зголемување на задолженоста. Тоа е по седум години. Меѓутоа, во нашите стратегии, во нашиот концепт, мораме да го вкалкулираме тоа, затоа што пет години е краток период, но да се држиме до таргети, колку може оваа држава да се задолжува. Но, тоа ќе го имаме во предвид во нашата стратегија, ќе ја извршиме оваа задача, ќе се задолжиме до степен што може да кондиционира Електростопанство на Македонија. Мислам дека таа е единствена компанија. Приватизацијата кога ќе биде, трансформацијата како ќе биде, јас тоа го слушнав само како најава од директорот на Електростопанство на Македонија и тие тоа ќе го работат. По сите современи теркови, со сето нивно искуство и знаење влезени се во тој концепт.

Но, ве молам да расправаме само за овој дел, а овој дел кој што го имаме денеска е во функција точно на развој, има на развоен карактер, но има и функционален карактер, има пристап до пазарите во Источна Европа, односно преку Бугарија, со земјите на Украина, Русија, Турција и т.н., затоа што нашите врски се само на два простори, Србија, Црна Гора, односно Косово и Република Грција. Според тоа, од овој дел кога се отвораме интерконективно, можеме да дојдеме до пристапот на тие пазари на електричната енергија, а со тоа можеме да дојдеме и до нови инвестиции, затоа развојниот карактер го нагласувам.

Според тоа, да заклучам. Овие забелешки кои се дадени од аспект на договорот, тоа е усогласено и тоа се стандарди кои што треба да стојат во еден меѓународен договор. Сметам дека имаме механизам како тоа ние да си го наплатиме делот до колку Електростопанство на Македонија не е во моментот вло кондиција, но не во никој случај дека Електростопанство на Македонија ќе го нема. Таа теза воопшто не е прифатлива и мислам дека за еден сериозен пристап, развојно, стратешки гледано. Јас знам дека РЕК Битола таму каде што е околу 75%, да не импровизирам сега, од производството на електрична енергија во Република Македонија е значаен капацитет, сигналите и информациите кажуваат дека е во полна кондиција и тој и Осломеј, така да ќе биде државата снабдена со електрична енергија, редовно, стабилно, доверливо како што велиме и ќе можеме оваа грејна сезона, а и наредните уште подобро да имаме таков тип на снабдување и доволна количина со интерконективното поврзување до моментот до кога не се обезбедиме со домашно производство на електрична енергија.

Овде за таква стратегија не би сакал да зборувам, за приватизација не би сакал, затоа што има одговорни и компетентни кога ќе оценат тој процес да почне. Јас би молел од пратениците ова да го имаат на знаење и да ги донесеме овие неколку законски проекти во смисла на давање гаранција на Република Македонија по договор за заем.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За дискусија се јавува господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувана потпретседателке,

Господинот заменик министер си дозволи да ни одржи една лекција. Доколку ги познава работите, мислам дека не е во право, затоа што говореше за две точки и за точка 7 и за точка 8. Точката 7 е 400-киловолтниот далековод кој треба да се гради од Штип до Црвена Могила и за кој што јас се залагам откога знам за себе, значи цели 15 години во Електростопанство на Македонија и тоа е еден од приоритетите исто како што има приоритет и производството. Тука апсолутно дилема нема.

Но, имам една друга дилема. Повторно слушнав дека Електростопанство на Македонија било задолжено 200 милиони и сега со успешниот менаџмент на ова раководство, тој долг е намален на 150 милиони. Сега, ако се задолжиме за наредни 50 милиони, еве веќе најава за Матка 2, за наредни 50 милиони, ќе стигнеме повторно на една вредност од 100 милиони и овие 150 стануваат 250 милиони. Јас незнам колку може Електростопанство на Македонија да биде задолжено и колку Владата на Република Македонија може да биде гарант за сите овие кредити, т.е. преку Владата на Република Македонија и преку народот, колку ќе може да ги исплати, затоа што ова еднаш го видовме. Го видовме и да даде Господ повеќе да не се повтори, затоа што само пред осум години повторно Владата на Република Македонија и повторно Електростопанство на Македонија зеде еден кредит кој што се кажуваше дека со 80 милиони долари ние ќе го направиме Козјак и тој електроенергетски објект ќе ги врати парите за многу краток период и дека сите ние ќе бидеме среќни и задоволни.

Сега, од тие 80 милиони кои што беа побарувани во првиот момент, се стигна до сумата од 200 милиони долари. Објектот сеуште не е готов за да ги врати парите, ќе треба барем да поминуват уште 50 години најмалку. Значи, затоа да не избрзуваме за нешто што треба да врати и може да врати, сето тоа е во ред, интерконективната врска е потполно исправна и таа мора да се направи. Но, господа да размислиме, затоа што добро кажувате. 75% од производството е РЕК Битола. РЕК Битола никој не рече, посебно јас, дека за оваа или за наредната, или за две - три години дека Република Македонија ќе биде во мрак. Но има еден проблем, а проблемот е господа, во тие луѓе што работат таму. Производството од 6 милиони тони јаглен годишно за пет години не ќе биде во можност никој да го реализира. Апсолутно, ниту технички, ниту производствено ќе може да стигнат тие луѓе да го прават сето тоа. Тоа треба да го знаеме. Јас тоа сакам да го кажам. Тоа не е техника, тоа е она што треба да го знае Владата на Република Македонија и дека треба што побрзо да се бараат нови извори.

Госпоѓата пратеник ми кажуваше за рудниците, но јас морам да кажам дека во четири години се направени многу работи, на испитување на Брод - Неотино, завршени, за кои сега повторно сегашното раководство распишува некои тендери и се почнува се од почеток за работи што се завршени и

Второ, подинските слоеви, подинските словеви во РЕК Битола беа затрупани точно од  дел од сегашното ракводство кое што и понатаму раководи со РЕК Битола. Друго, ако веќе зборуваме за кредити и задолжувања, само 2,5 милиони беше кредит кој ни носеше 8 мегавати зелена енерија. Тоа беше на термоелектрана РЕК Битола - 2, склучен договор со ЛМЗ - Руска фирма од Ленинград, која што треба да обезбедува 8 мегавати без никакви брани, без поволен јаглен, без ништо. Едноставно, една преправка во турбината и добиваме 8 мегавати чиста зелена енергија. Електростопанство на Македонија со самото доаѓање на новото раководство тој договор го поништи. Зошто и како нема никакво објаснување. Сега се прашувам. Ако ние инвестираме 43 милиони во Матка за 28 мегавати енергија и колку ќе биде способна Матка да реализира и да дава енергија и колкав период во текот на годината, значи има еден проблем. Затоа, моето говорење и она што пред малку го слушав дека претходното раководство имало многу големи сметки за телефони, угостителски услуги и незнам што, телефонските услуги за жал веќе некој ги знае дека се поголеми отколку што беа и тоа од тие што најмногу критикуваа. Друго, во моето се случувале толку хаварии во Електростопанство, но еве за среќа, сега дневниот печат изгледа не е информиран и нема повеќе наслови - Македонија во темница, па блокот од турбината на РЕК Битола во Новаци, а сега се случуваат такви хаварии, но за тоа нема ни говор, нема цели генератори, имаме прелив кој што го потврдува или не министерот за финансии, штета од некаде 211 илјади евра. Но, сетоа тоа поминува така бегло, како да не се ни случило. Значи господа, не се работи за кафето, не се работи за телефоните. Се работи за добро и успешно работење. Успешното работење ја кажува цената на коловат часот. Тоа е основната мерка кој, колку и дали работи како што треба. Тоа јас и колешката многу пати тука повикуваме да добиеме некоја информација и вие како пратеници да имате пред вас врз основа на што ќе проговориме. Досега официјална информација немаме. Ова што го читаме од дневниот печат и за кој што јас и денес ви кажувам, случајно го видов дека е пред отворање, тоа го кажув портпаролот на Електростопанство на Македонија господинот заменик министер не ни кажа за тоа дали се работи за истата трафостаница што тука во договорот е напишана 11,5 милиони евра. Тука стои дека 1 10 милиони евра и дека таа е изградена. Сега дали ретроактивно се

бара, с езема, колкаво е учеството, јас незнам, можеби некои од другите трафостаници веќе да се работи. Таква информација нема. Затоа, да размислиме многу добро како понатаму, затоа што, немојте дека Република Македонија нема да биде во темница, дека Република Македонија ќе биде со пароли, се завршија работите. Истото беше дека имаме стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија, дека тоа го работи Стопанската комора и стратегијата беше да направиме нуклеарна електрана во Република Македонија. Кога ќе ја направиме нуклеарната електрана и тие со готови нуклеарки веќе не можат да ги вклучат, дали 2-3 милијарди евра.

Затоа, да бидеме реални, да бидеме тука, да видиме што се наши избори, што ние можеме да користиме и како понатаму ќе се развива енергијата. Ова е можеби само дел за да можеме да расправаме за тоа. Не е проблем во овие 13 милиони евра за трафостаница, дека тие треба да бидат направени, кога треба уште такви, тоа е само 20% од вкупните што треба да ги направи Електростопанство на Македонија. Она што треба да се приватизира, она за што госпоѓата Борозан прво кажа, тоа е говорот на госпоѓата Шекеринска. Значи, ќе треба да знаеме што понатаму, како, кои се плановите и да бидеме информирани како парламент и како пратеници, да знаеме да дадеме свој придонес во развојот и во понатамошното она што следи. Тоа што е добро сигурно дека ќе се подржи, тоа што нечини треба да се критикува и сите заедно, без разлика дали доаѓа од Владата на Република Македонија или од опозиција да го подржиме ил ида го одбиеме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Реплика господин Владо Илиев од две минути.

ВЛАДО ИЛИЕВ:

Мене навистина не ми е јасно како еден раководител, стручен кадар излезен од РЕК Битола кој го водеше комбинатот во минатата власт, постојано успева да заговара да ја заведе јавноста те со некои хаварии кои настанувале, те со зголемување на снага, те со инвестирање во рудниците, те со пуштањето на работниците. Се успева нешто што не е на дневен ред да го стави на дневен ред се со цел да се избегне вистината која е денес на дневен ред. Денес на дневен ред вистина имаме еден изузетно поволен кредит, еден заем, кој треба да го

искористиме, да го земеме што побрзо да го ефектуираме во Електростопанство на Македонија. Ние за да ги исполниме условите за Европската инвестициона банка, прво требаше некои предуслови да исполниме, а тоа е смалување на загубите, исто така и подобрување на наплатата. Откако овие предуслови се направени, како што рековме, наплатата доста е зголемена, од 40% на 80%, овие услови се создадени и ние го имаме овој кредит од Европската инвестициона банка.

Исто така, сакам да потенцирам, тоа што се прашува колегатас дека средствата за трафостаницата Скопје - 5, каде се, трафостаницата е изградена, меѓутоа парите каде се. Ако трафостаницата навистина е изградена, опремата е стигната, меѓутоа таа опрема, за жал, сеуште не е платена, а набавена е од претходната власт.

Исто така, за ова инвестирање што цело време го потенцира дека треба да се инвестира во нови извори, во рудниците во РЕК Осломеј и РЕК Битола, сакам да кажам дека токму овие кредити ќе бидат ефектуирани, готови, ефективни пари ќе бидат инвестирани и во РЕК Битола и во РЕК Осломеј.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има реплика господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас го ценм господинот Владо Илиевски и мислев дека ќе проговори за РЕК Осломеј. Ова што се потрудивме, направивме Запад - Осломеј, рудник кој понатаму ќе опстојува. Ако чекавме мислам дека и наредните 4 години ќе биде надвор од она што значи работење.

Јас незнам наплатата каде е зголемена, дали во кризните подрачја, каде инкасантите на Електростопанство на Македонија одеа со возила на КФОР пред нив и беа гаѓани по бандерите. Можеби сега се случува нешто друго за што јас немам информација.

По втор или трет пат го слушам тоа дека овие кредити биле земани за тоа, да се земат средства кои ќе бидат инвестирани.

(Реакции во салата)

Госпоѓо потпретседателке, создадете услови за работа. Ако има некој нешто да каже нека повели на говорница.

Ми ја зеде мислата, по трет пат ја слушам истата работа дека овие кредити ќе биле земени со тоа што ќе се ефектуираат средствата, ќе се вложат во рудници. Значи, сите вие знаете, само ние не знаеме. Па, господо дајте, отворете ги картите, кажете да играме на иста карта. Вие кажувате дека за рудник "Суводол" ќе бидат дадени парите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Мавровски, истече времето. Ве молам, со се тоа што меѓусебниот дијалог ви го вклучив.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Па немојте така, ова се злоупотребува тогаш.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине  Мавровски строго водам сметка за времето, ве млам. Немојте да правите инсинуации.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Времето ќе помине, ќе дојде друго време пак.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор Жарко Караџоски, Повелете.

Се извинувам г-дине Караџоски, процедурално збор побара г-ѓа Елеонора Петрова - Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА - МИТЕВСКА:

Благодарам, г-ѓа потпретседател,

Мислам дека точка на дневен ред е Предлог за донесување на закон за гаранција на РМ, по финансискиот договор за заем вклучен помеѓу Европската инвестсициона банка и Електростопанство на Македонија АД за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Р.Македонија. Воопшто не беше тема точка на дневен ред ЕСМ и проблемите што се јавуваат околу него. Поголем број на дискутанти зборуваат на тема што не е точка на дневниот ред. Изгубивме повеќе од час и половина за нешто што воопшто не требаше да го разговараме тука.

Ве молам да водите сметка во иднина при дискусиите на следните пратеници.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКАС:

Благодарам за укажувањето, меѓутоа сепак тие теми имаат врска со точката и затоа сметав дека е добро пратениците да се искажат.

Има збор г-динот Жарко Караџоски.

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ако нема никој за реплика и пороцедурално, да кажам неколку реченици. Само го користам правото како известител на Комисијата за финансирање и буџет, како нејзин претседател, со оглед да во во дискусијата на заменик министерот беше повика на Комисијата. Мора да напоменам дека Комисијата достави извештај, доста опширен и лично не чувствував потреба да известувам и да кажувам нешто подетално. Ние членовите, на Комисијата таму го гледавме комплетно овие три предложени закони од аспект на финансиите, на задолжувањето и од аспект на она што се нуди со самиот закон. Мора да напоменам и тоа дека кон законот беа доставени и договорите од Електростопанство и тука имавме можност да ги читаме и да ги коментираме што не е во ред од ова што одредени пратеници го кажуваат. Значи имаме право кога веќе ни се нудат договорите да дискутираме и за состојбите во Електростопанството.

Значи само сакам да искористам оваа прилика Комисијата за финансирање и буџет на некој начин го задолжи Министерството да достави еден извештај по однос на задолжувањето вкупниот долг кон странство, девизните резерви итн. И ние тоа го добивме како членови на Комисијата.

Јас лично не чувствував потреба дека другите пратеници треба да се запознаат со една ваква состојба бидејќи сепак овие податоци имаат извесна доза на доверлив карактер. И заради тоа го задржавме во рамките на Комисијата за финансирање и буџет, но доколку претставникот на Владата тоа сака да го направи и може да го достави онака како што е пропишано според актите за доставување. Значи, од аспект на она што беше овде кажано податоците ние ги имаме како Комисија и можеме да дискутираме во рамките на Комисијата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Дали некој друг бара збор.

Доколку не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за гаранција на РМ по финансискиот договор за заем склучен меѓу Европскаста инвестициона банка и Електростопанство на Македонија АД за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во РМ.

Пред да Ве повикам да гласаме само да го утврдиме бројот на присутните ако може Ве молам.

Ве молам ,службите да го утврдат бројот.

Истовремено ги молам сите пратениците што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата  за да можеме да  гласаме.

Во ред, мислам дека можеме да пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, за 56 пратеници, воздржани 4 пратеници, а против 2 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници од присутните, за 53, воздржани 4 пратеници, негативно 2.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор.?

Законодавно правната Комисија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 7 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Ве молам кој бара збор?

Доколку никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за 57, против 2 воздржани 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на РМ по финансискиот договор за заем што ќе се случи меѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија АД за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во РМ.

Одиме на 7 точка - Предлог за донесување на Закон за гаранција на Република Македонија, по Договорот за заем склучен меѓу Европската банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија АД, за реализација на Проектот за изградба на 400 киловолтен далекувод од Штип до Црвена Могила Република Бугарија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам кој бара збор?

За збор се јавува г-ѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Почитувана госпоѓо потпретседател на Собрането, претставници од Владата и почитувани колеги пратеници,

Дозволете ми да се искажам по предлогот за овој закон бидејќи далекуводот и трафостаниците кои што се предмет на овој закон се објекти, енергетски објекти, кои што ја уживале мојата поддршка и како техничко лице, а еве сега и како политичар.

Сакам да објаснам зошто е тоа така.

Се работи за 400 киловолтна трафостаница во Штип која што треба да биде центар на напојување на целата Источна Македонија. И се работи за 150 км. долг далекувод кој што интерконективно ќе ги поврзе електроенергетските системи на Република Македонија и Република Бугарија.

Сакам од ова место да го искажам своето длабоко уверување дека овие два енергетски објекти се вистински благодет како за населението во РМ, поготово за населението и потрошувачите на Источниот дел на Македонија исто така и од финансиски аспект, а исто така и од политички аспект.

Имено, што ќе се постигне со овие енергетски објекти.

Најпрвин се постигнува ,тоа да од технички аспект гледано, значително ќе се подигнат напоните во Источниот дел од Македонија и предностите на ваквиот начин за снабдување со енергија ќе го почувствуваат сите потрошувачи во Источна Македонија.

Втора придобивка ќе биде таа што ќе се подигне значително сигурноста на снабдување поготово на Источнот дел на Македонија, една работа која што станува се по актуелна и важна поготово имајќи ги предвид неодамнешните прекини на снабдување со енергија во САД и во Италија, кога заради преоптереténост на преносните системи и заради недоволно изграденост на мрежата останаа без напојување цели држави.

Понатаму, трета техничка придобивка, а и финансиска предобивка од изградбата на овие енергетски објекти е смалувањето на загубите во преносот. Грубите проценки покажуваат дека ќе се смали 10 мегавати загуби во време на врвната моќност и за оние кои што не знаат да го ценат овој податок од технички

аспект ќе наведам груба проценка дека тоа ќе значи заштеда од околу милион долари годишно за изгубена електрична енергија.

Само овие податоци кои што ги наведов досега според мене се доволни причини за да се поддржи овој заем и овој проект. Меѓутоа, тоа не е се. Електростопанството на Македонија го добива овој заем од фондовите на Меѓународните финансиски институции и во конкретниот случај тоа е Европската банка за обнова и развој и тоа под привилегирани услови. Привилегираните услови кои што се вклучени во овој заем се наменети за развој на електроенергетскиот сектор во Македонија а и за целиот регион воопшто. И придобивките притоа, се директни што значи ослободување на финансиски средства за изградба на стратешки објекти како што се овие наведени и индиректни ,преку посебните услови и обврски кои што се придружени со заемот. Дозволете ми да наведам на кратко само некои од посебните услови кои што го придружуваат овој закон.

Тоа се исполнување на условите од меморандумот за отворање на пазар на регионална соработка во полето на енергијата и следувателните договори и спогодби, притоа се подразбира пред се иницирано е посебно да се исполнат обврските во врска со основање на независна регулативна комисија и независен оператор на приносниот систем.

Понатаму, другата обврска која што се наведува во условите во посебните услови на заемот е подигање на наплатата на сметките за електрична енергија над 90%.

Следна мерка е преиспитување на мерките за социјална заштита на сиромашните слоеви од населението поврзанисо мерките за наплата на сметките и склучување на неплаќачите. Понатаму, следење на стандардите за животна средина на Република Македонија, Европската Унија и имплементација на Акциониот план за животна средина.

Воопшто сите овие посебни барања упатуваат на потреба од спроведување на сеопфатни реформи во енергетскиот сектор и со земањето на овој заем Електростопанство на Македонија а пред се Владата на РМ, и Собранието кој што е сопственик на Електростопанство на РМ, презема обврска дека ќе ги изврши овие реформи и овие посебни мерки кои што од своја страна позитивно ќе се одразат на либерализацијата на стопанисувањето во Електроенергетскиот сектор.

Има и една мала поволност која што си добива од финансиски аспект со овој заем. Имено во условите на заемот е предвидено дека Електростопанство на Македонија се задолжува и ќе го изгради далекуводот во целата негова должина

што значи и делот во Македонија и делот во Бугарија со тоа што за изградбата на делот во Бугарија, бугарското електростопанство ќе и отплаќа на Македонија со електрична енергија. Што значи, еве го директното отплаќање, ослободување на кеш финансиски средства кои што ќе бидат вложени во рудниците во Битола.

Меѓутоа, овие поволности кои што досега ги искажав имаат битно значење, меѓутоа, една друга компонента сакам посебно да ја нагласам а тоа е меѓународната компонента на значењето на овој проект.

Интерконективната врска помеѓу електроенергетските системи на РМ и Р.Бугарија е проект кој што е приоритетен проект за македонскаста Влада уште од 1996 година, и што е можеби позначајно во овој момент да се истакне овој проект е приоритетен проект и во програмата за пактот стабилност од 1999 година.

Уште повеќе енергетиката станува висок приоритет во рамките на пактот за стабилност за Југоистожна Европа.

Минатата недела во Софија се одрджа недела на енергетиката по покровителството на Европската комисија и Пактот за стабилност и на еден од состаноците кои што се одржаа таму, на еден од настаните, специјалниот координатор на Пактот за стабилност г-динот Ерхархд Бусек, јасно го искажа ставот дека во рамките на втората работна маса, на Пактот за стабилност енергетското поврзување во Источна Европа добива предност пред собраќајното поврзување, пред сообраќајната инфраструктура. Што зборува за значењето на ваков тип на објекјти. Имено, во сите дискусии декларации, документи во рамките на иницијативата за регионална соработка и енергетско поврзување во рамките на Пактот за стабилност се нагласува потребата да се прејде од декларативна поддршка на интеграцијата кон практична поддршка на интеграцијата. Еве, овој е проект кој што македонската влада го дава во доказ за својата определба, за поврзување во регионот и во Европа. Можеби е тој тип на мерка на извршување кој што ние овие дена го дискутираме и бараме конкретни мерки за извршување кои што ќе не приближат кон Европа.

Во тој правец изградбата на овој далекувод кој ќе не поврзе со нашите соседи значи јасно искажување на нашата определба. Мое лично мислење е следејќи го начинот на извршувње на реформите и подготовките во Европа а и вистинското покажување на оваа определба поврзувањето со Европа, е дека енергетиката и енергетското поврзување во Југоисточна Европа ќе биде првата свера, првата област во која што македонија ќе се интегрира потполно во Европа.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. За збор се јави г-дин Марјан Ѓорчев.

Господине Мавровски, вие се јавувате за дискусија.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Да .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, да он е на ред за дискусија, Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Госпоѓа потпретседател, дами и господа пратеници ,

Сосема на кратко ,јас го поддржувам овој Предлог на закон со кој што во РМ ќе обезбеди гаранција, и задолжувањето со кое што ќе се задолжи пред Европската банка за обнова и развој од причини што актуелната Влада мислам дека прифати дека не почнува се од неа и дека треба да се работи во континуитет. Овој проект кој што беше изложен на разговорите на друга политичка Влада 1999 година, на разговорите со германската Влада, со баварската влада, на претставувањето на проектот за инвестициите во РМ, во период 1999-2003 година и тие два клучни проекта во Електроенергетскиот комплекс тоа е проектот Неготино-Црвена Могила до бугарскиот град Радомир и Битола - Бурели - Елбасан, значи поврзување на западната страна на РМ, претставуваат проекти кои што се фондирани како стратешка определба на РМ, како држава, со тоа што морам да укажам тука дека овој проект веќе е започнат и далекуводот 400-киловодниот далекувод благодарение на напорите на вработените во ЕСМ на РМ, независно од која политичка домензија на управување, е изведен до градот Штип од страна на претпријатието ЕМО, а сега со овој заем ќе се овозможи тој започнат проект да овозможи да се доврши и со тоа РМ да стане дел од интерконективната регионална врска на земјите од југоисточна Европа за пренос и потрошувачка на електричната енергија.

Ви благодрам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. За збор се јави господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, дојдовме до тоа да разговараме и за делот кој остана недовршен од овој далекувод од Дуброво до Црвена Могила и нашата интерколективна врска со Република Бугарија.

Од технички аспект како што кажав според мое лично мислење ова е нешто што во приоритет влегува со број 1, значи исто како и производството, затоа и почетокот беше во периодот, беше ова претходно раководство, но за жал тогаш за овој кредит се разговараше повеќе од три седници, госпоѓата Елеонора многу брзо го изгуби трпението, значи колегите пратеници од опозицијата тогаш говореа цели три седници и убедуваа дека ова не треба да се направи, дека се тоа големи средства, но на крајот еве тоа се направи, па сега од нас ја имате поддршката и еден говор од 15 минути неможе да го издржите. Мислам дека се кажуваат факти и аргументи кои што треба да ги слушаме сите. Се работи за еден далекувод кој е во должина од 150 килиметри, од кои што 70 километри се на територијата на Република Македонија, а 80 километри во Република Бугарија. Така да, со тоа што оваа врска ја правиме е исто токлку битно за сите оние трансфери и либерализација што ќе се склучува понатаму, колку за Република Македонија, исто така и за Република Бугарија. Но ние тука се задолжуваме со додатни 40 милиони евра со што еве ме убедуваат колегите, а и госпоѓата Борозан истото го кажува, дека тие пари, јас прв пат слушам на парламентарна седница, дека тие пари биле предвидени за рудниците “Суводол” и “Брод” Неготино, што досега не сум го сретнал никаде и незнам на што се должи тоа, дали за наша неинформираност или Владата работи со одделни пратеници, или пак пратенички групи. Јас како го гледам ова задолжување, мислам дека грејс периодот е некаде до 2006 година, дека Владата си зема, би сакал да проговорам и за тоа некој збор, дека во ова меѓувреме на грејс период, граѓаните ќе ја плаќаат струјата на Електростопанство на Македонија, но во меѓувреме, ние како Република Македонија ќе бидеме ослободени од долгор на плаќање од кредитот што во меѓувреме се задолжуваме и сето тоа како некој ја гледа 2006 година да биде година на избори, но според мене ќе биде тоа многу пред тоа, ќе има предвремени избори и така ќе дојде до едно време на отрезнување кога исплатата на двата кредити паралелно ќе го донесе во ситуација Електростопанство на Македонија да биде во многу тешка ситуација затоа што треба да ги враќа овие кредити, а ќе бидеме во ситуација да се задолжиме и за Матка - 2. Битно е ако ова веќе се добива кредитот да се вклучат што повеќе фирми докажани во енергетската областа на Република Македонија и фирми што го работеа првиот дел од овој проект и со тоа да го заживееме малку и македонското стопанство.

Што се однесува директно на овој закон за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем за делекуводот 400 киловолтен, овој заем е одобрен на 23.07.2003 година, вредноста е некае 40 милиона и 470 илјади евра, со тоа што

вкупниот проект изнесува 50 милиони евра, од кој делот на Република Македонија изнесува 30,22 милиони евра, а остатокот од 19,77, е на територијата на Република Бугарија.

Финансиски е решено така што дел од заемот, значи од овие 30 милиони, со 5 милиона учествува Електростопанство со свој удел, а во бугарскиот дел со 4,52 мекаеде и со тоа ја исплаќаат таа вредност. Но Република Македонија се задолжува со кредит од 40 милиони. И покрај тоа што во делот на Република Македонија тоа изнесува само 25 милиони, значи ние се задолжуваме да го направиме и делот во Република Бугарија со дополнителни 15,25 милиони евра, за кој би добиле електрична енергија од бугарското Неком. Би имале проблем играта е многу провидна, ниеземаме кредит, бугарите ни испорачуваат струја која ние не ја плаќаме, но затоа ја наплаќаме од потрошувачите, со тоа што се прекршуваат правилата на играта само од ЕСМ која ги воспостави, а тоа е да се распише тендер и да ги добиеме најдобрите понудувачи. Тука не се дефинирани ни по која цена, ни колку електрична енергија, ни во кое време ќе и биде доставено на Република Македонија т.е. на АД "ЕСМ", по која цена граѓаните ќе ја плаѓаат, зашто овој кредит е поволен како што кажувате со грејс период најмал од 4 години и рок на исплата од 15 години, но како што кажуваат стручњаците и понеповолен од претходниот за дистрибутивните трафостаници.

Значи од технички аспект се е во ред, но од аспект ова што значат пари а вие веќе знаете како пратеници од позицијата дека тие пари ќе бидат насочени во рудниците, ќе бидат насочени таму каде што треба, што јас чисто се сомневам, затоа што доаѓаат предизборни години и тие пари претпоставувам каде ќе бидат насочени и колку од тоа ќе заврши во РЕК "Битола" и колку ќе заврши на друго место ќе покаже друго време.Затоа овој проект како проект е приоритет број 1 и треба да се направи но внимание за она што ќе се случува после тоа. А мислам дека после тоа ќе има доста коментари за сето ова што го прифаќаме така глатко се да помине. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. За реплика се јави госпоѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Само на кратко, затоа што колегата ме спомна и затоа што ја искривува и манипулира со мојата теза, односно со условите под кои што се добиваат овие заеми. Уште еднаш да појаснам дека заемите од меѓународните финансиски институции, кои што се добиваат под поволни услови имаат и своја развојна

компонента и се насочени во оние дејности кои што се условно кажано еколошки или пожелни. Такви проекти изградба на трафостаници, далекуводи, обновливи извори на енергија и така натаму. Вакви услови, вакви кредити не можат да се добијат за производство на енергија од јаглен. Заради тоа, моја претпоставка е дека во рудниците за јаглен Електростпанство ќе мора да вложува ќеш пари кои што ќе мора да ги ослободи на друг начин. И другата работа која што сакам да ја спомнам е непрекидното повторување на колегата, манипулирање со идната цена на енергијата. Ние имаме независна регулаторна комисија која што е формирана во Македонија и која што ќе се грижи за цената на електричната енергија во иднина . Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. За реплика на репликата се јавува господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ова со регулаторната комисија за која што имаме точка денес на дневен ред, незнам како Владата си зема обврска за сите промени во Електростопанство во однос на тарифите да дава гаранција. Значи едното со другото воопшто не коинцидира. Регулаторната комисија треба да биде таа што ќе се потпише на тој договор како гарант.Тоа е прво.

Второ, ме убедувате дела Пактот за стабилност сега наеднаш го поставува енергетското поврзување по приоритет број 1, сообраќајната структура излегува не е ни два, каде што се вложени 130 милиони долари. И тоа се отпаѓа сега ние со 40 милиони евра, колку што е овој кредит добиваме приоритет и тоа што треба сега да го направи Македонија. Мислам дека за такви работи треба да ја видиме вистината малку поинаку да знаеме зошто и како некои кредити се даваат, некои се забрануваат. Затоа, господо, бидете малку потранспарентни да знаеме за што се работи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се јавува господинот Благоја Илиевски.

БЛАГОЈА ИЛИЕВСКИ:

Бенефитот од овој далекувод како прво сакам да кажам дека е тоа што се создаваат услови за пазарна економија. Со ова се прави влез на енергија од цела Југоисточна Европа, со цел да се либерализира пазатот. Досега ЕСМ беше монопол и немаше потреба од тоа. А сега, кога ќе заживее и регулаторната комисија, ќе имаме можност за поголем увоз од електрична енергија, со цел добивање квалитет, сигурност и доверливост. Некаде од 1999 година и 2000 година, ЕСМ почна да купува

електрична енергија. Недостатокот од електрична енергија Електростопанството го решаваше со позајмици, договарање со одредени договори со соседите, а од 1999 - 2000 година започна со увоз на електрична енергија.
Во таа насока, сакам да кажам дека овој дел од средствата на овој заем се наменети за покривање на далекуводот што е во Република Бугарија, со цел да се добијат во висина од 15 милиони евра, каде што овие средства ќе бидат надокнадени од Република Бугарија, со увоз на електрична енергија. Токму тие средства што ги земаме во рок од една ипол година додека трае изградбата на овој далекувод, значи ние енергијата ја добиваме за тој период од една ипол година, а додека плаќањето на енергијата ќе биде во овој период за кој што е одобрен кредитот, а тоа значи за 15 години и 4 години грејс период. Тука е тој бенефит што ние го гледаме, што може да се искористи.
Исто така, сакам да истакнам уште една поволност што Европската банка за обнова и развој гледа една сигурност во Република Македонија, па го доверува кредитот Република Македонија, да ги изведува работите на проектот на далекуводот во Република Бугарија. Благодарам.
ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:
За реплика на репликата се јавува повторно господинот Спиро Мавровски.
СПИРО МАВРОВСКИ:
Јас не видов тука реплика, но ќе се обидам да одговорам. Се работи за кредит, за добиени пари но ние велиме дека ќе добиеме електрична енергија. Зошта истата електрична енергија по пониска цена не би ја добиле, дали тоа ќе биде француското електростопанство, дали австриското, или англиското кои што во моментот имаат потпишано на тендер и како што треба да бара Регулаторната комисија да добиеме најповолни понуди за електричната енергија и секој да го прави својот дел. Што добиваме, што губиме да се стави на вага. Вака ние сме ограничени дека ние треба точно од бугарското НЕТ ние земаме електрична енергија за 15 милиони. Но повторно кажувам никаде во договорот не стои ни во кое време ни колку, затоа што се случува Електростопанство да има и вишок на енергија и тој треба тоа да го транспортира. Може токму во тоа време и бугарите ќе можат да ни ја испорачат таа електрична енергија и да дојдеме во една неблагодарна ситуација, бидејќи господинот од Електростопанство ги познава тие работи. Во контекст на тоа беше целата дискусија. Благодарам.
ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:
За дискусија се јавува господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници. Сакам да се осврнам во глобални рамки на темата на дневен ред односно на кредитните задолжувања кои што се однесуваат на проекти од електроенергетската област и навистина тоа е работа која што треба да не засега сите нас, бидејќи енергијата претставува основен столб и на економијата и на државата во целина.

Кога се поставува прашањето за решавање на проблемот кој се однесува на изградба на електроенерегетски објекти, сигурно никој од нас неможе да биде против доизградбата на електроенеергетскиот систем на Република Македонија против воспоставувањето на колективни релации со соседните држави. Но решавањето на проблемите од овој вид сигурно бара одговорна, издржана анализа за потребата од задолжување на Република Македонија за овие цели. Особено кога се работи за задолжување на државата за над 50 милиони евра.

Значи, зборувам за постоење на стратегија во електроенергетскиот сектор, стратегија која треба да даде долгорочен одговор во однос на заинтересираност на Република Македонија за приоритетите од оваа област.

Имено, треба да се одговори на прашањето дали нашата држава има интерес за обезбедување на електрична енергија од домашни производствени капацитети, или со исцрпувањето на резервите на јаглен на постојните термоцентрали РЕК “Битола” и РЕК “Осломеј”, кои заедно произведуваат 87% од електричната енергија во Република Македонија, ќе се премине на создавање на држава која ќе биде исклучително зависна од увозот на електрична енергија.

Одговорот на ова прашање сеуште го немаме добиено. А за да ни биде јасно каква е иднината во оваа област, треба пред се, да добиеме сознанија за мерките и активностите кои досега се преземени и кои што треба да се преземаат во иднина за либверализација на пазарот на електрична енергија.

Дали целта на оваа Влада е завршување на процесот на либерализација на пазарот на електрична енергија и ;потоа реализација на приватизација на Електростопанство на Македонија, кој е моделот на приватизација што ќе се примени, дали Регулаторната комисија ќе претставува вистински регулатор на состојбите во енергетската област, или само формален орган за наводно почитување на препораките на Европската Унија и нејзините директиви.

Постојат многу рашања на кои треба да даде одговор Владата на Република Македонија, одговор во вид на стратегија за електроенергетскиот сектор. А таква стратегија нема. Се нудат некакви квази решенија од типот на формирање на некоја

агенција, за која Владата сеуште се нема изјаснето, без да се прави разлика помеѓу енергатика и енергетска ефикасност. Наместо да се изгради вистинска независна позиција на Регулаторната комисија која што треба навистина турбо да работи за да може да ги достигне оние цели кои што се предвидени во директивите во оваа област. Или пак стратегијата на Владата е единствена да се продаде Електростопанство на Македонија, да се префрли грижата за зачувување на системот на приватниот инвеститор, или амо грижата за дистрибуцијата на електричната енергија. Не постоењето на стратегија се гледа и од фактот дека по однос на приоритетите знаеме дека акумулацијата “Козјак”, ангажира голем износ на средства и таа кога ќе биде завршена немомже да работи, од проста причина што основен предуслов за таа да може да функционира е изградбата на Матка-2 или Света Петка. Значи изградбата на хидроелектричната централа Света Петка претставува приоритет со кое што ќе се ефектуира ХЕЦ “Козјак”, или пак приоритет претставуваат други електроенергетски објекти. Но да преминам на изградбата на 400 киловолтниот далекувод Штип-Црвена Могила.

Морам најпрво во интерес на јавноста да ги искажам условите за реализација на овој кредит. Прво, износот на кредитот е 40 милиони и 470 илјади евра. Кредитот ќе го лаќа ЕСМ. Доколку ЕСМ не е во можност да ги отплаќа ратите од кредитот средствата ќе ги исплаќа Владата на Република Македонија од буџетот на државата. ЕСМ ќе го реализира проектот во целост на територијата и на Република Македонија и на Република Бугарија.

Членот 5 од овој закон кој што ни е предложен денеска вели дека уредувањето на правата и обврските во врска со реализацијата и наплатата на дел од проектот кој ќе се изведува на територијата на Република Бугарија ЕСМ и НЕК ќе го убедат со склучување на договор за координација на градбата, договор за испорака на електрична енергија и координативен операционен проток. Овие документи, треба допрва да бидат потпишани, затоа што така стои во овој член од законот дека во иднина тоа ќе се направи. Меѓутоа, ние немаме никакви сознанија дза она што е претходно договорено и дали се веќе договорени тие работи со цел да имаме целосна информација во однос на давањето на силна поддршка во донесувањето на еден ваков закон. Тука има и елементи кои што се однесуваат на цената на електричната енергија која што ќе биде прифатена, динамиката на испораката, начинот на изведба на овој проект, дали тоа ќе биде со приоритет на изведба на домашни фирми или стаански фирми и тн. И што е битно за овој дел дека ЕСМ настрана од овој проект ќе учествува со свои средства во износ од 5 милиони евра

за изградба на овој далекувод, затоа што вкупната инвестиција изнесува 50 милиони евра за целосната реализација на овој проект.
Меѓутоа, главен аргумент кој што го слушнав од претходните дискусии, кој што е наведен и во самиот предлог на закон е тоа дека либерализцијата на пазарот на електрична енергија е аргумент кој што претставува основен мотив за донесувањето на еден ваков закон и за ставањето како приоритет на ваков електроенергетски објект.

Меѓутоа, основното прашање кога се зборува за либерализацијат на пазарот на електричната енергија не е во изградбата на овој далекувод, иако е тој еден голем услов за да може да се воспостави една интерконуктивна врска со Република Бугарија, каде што имаме голема можност за користење на електрична енергија, туку прашањето за што е направено од страна на Владата на Република Македонија, од страна на Регулаторната комисија и во однос на остварувањето на директивите на Европската комисија по однос на условите за да се изврши либерализација на пазарот на електрична енергија.

Дали е усогласена регулативата, дали се направени тарифните системи, дали се подготвени можностите за добивање на некакви лиценци за производство на електрична енергија за продажба на електрична енергија, остварување на информација за начинот на престроктуирање на Електростопанство на Македонија.

Ние слушаме нешто бегло преку медиумите дека после Нова година Електростопанство на Македонија ќе биде дефинирано како една компанија која ќе се состои од три независни субјекти кои што ќе работат под капата на една институција, кои ќе бидат некои врски, ќе имаат само некои интерни фактури со цел да се види нивната економска позиција и оправданост. Меѓутоа, факт е дека за овие работи ние досега од Електростопанство ниту од Владата на Република Македонија, особено Министерството за економија кое што е директно надлежно за оваа работа немаме никакви информации со цел да дадеме свој придонес во реализацијата на преструктуирањето на Електростопанство на Македонија, затоа што навистина се работи за многу значајна работа која што директно ќе има влијание и на стопанската и на економската активност и воопшто на иднината на Република Македонија, не само од енергетски и од економски туку сигурно и од политички аспект.

Се надевам дека информацијата за овие прашања нема да биде заборавено да ни биде доставена. Се надевам доколку не биде така ние ќе направиме напори да ги потсетиме и Владата и Министерстовото за економија и

Електростопанство на Македонија да ни ги достави тие подаци, меѓутоа се надевам дека оваа инвестиција на која сега даваме сите ние поддршка нема да биде само инцидентно одлучување и само форма за да се зборува за либерализација на пазарот на електирчна енергија, туку само еден основен чекор од каде ќе се отпочне за да целосно се заврши тој процес кој ќе доведе до либерализација на пазарот на електрична енергија во нашата држава, во регионот и пошитоко.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Пред да преминеме на усвојување на заклучокот ги повикувам сите пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем склучен помеѓу Европската банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на проектот за изградба на 400 киловолтен далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија).

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги молам колегите пратеници во Собраниската зграда да влезат во салата.

Јас ги молам уште еднаш колегите пратеници кои се во Собранието да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

(Пратениците влегуваат во салата).

Можеме да пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници од кои 54 за и воздржани 3 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни во салата, гласале 61 пратеник од кои 58 за и 3 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на насловот на текстот на законот со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници гласале 56 пратеници.

За гласале 54, воздржани двајца.

За да нема дилема, јас ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам пратениците да имаат трпение да си ја завршиме работата поради која денес сме дојдени и земаме дневници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Значи присутни се 63, повеќе отколку што се регистрирани.

Вкупно гласале 56 пратеници, за гласале 54 и воздржани 2.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем што ќе се склучи помеѓу Европската банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на проектот за изградба на 400 киловолтен далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија).

Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на проектот за подобрување на искористување на водата во басенот на реката Злетовица, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор.

За збор се јави госпоѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитуван потпретседател на Собранието, почитувани претставници од Владата, почитувани колеги пратеници,

Водните ресурси се секако едни од најзначајните ресурси во секоја држава и од тие причини денес побарувачката за квалитетна вода за пиење е се поголема и таа се повеќе расте со напредокот на индустријализацијата и наглото зголемување на бројот на населението на земјата. Овој тренд секојдневно продолжува со зголемен интензитет и со текот на времето зазема се поголеми географски размери, така што за многу кратко време ќе стане и проблем од глобални размери. Од тие причини и Меѓународната програма за хидрологија на УНЕСКО и ВМО дадоа и даваат постојано значаен придонес за осознавањето на хидрологијата и изворите на вода на земјата.

На база на низа податоци можеме да видиме дека вкупната вода на земјата се проценува на 1.360.000.000 км3 вода од која што особено важно е да истакнам дека само 3% отпаѓаат на слатка вода денеска употреблива за потребите на населението.

Ако се сведеме на европски размери ќе видиме дека на жител во европски услови отпаѓаат како употреблива вода некаде околу 1920 литри, што секако е просечна содржина, бидејќи во некои земји од Европа таа содржина е далеку поголема, додека како најсиромашка земја со вода по жител е Малта која има само 100 литри на жител за искористување.

Оттука можеме да извлечеме заклучок дека Европа како континент во иднина не ќе се соочува со проблемот од недостаток на вода, меѓутоа каква е состојбата на Република Македонија имајќи ги предвид веќе изнесените податоци можеме на база на се она што има глобално да ја проектираме и нашата визија во поглед на достапноста на водните ресурси на граѓаните за задоволување на нивните потреби, како и потребите на индустријата, земјоделството и други намени.

Според постојните податоци водниот потенцијал во Република Македонија изнесува околу 8 милијарди метри кубни годишно. Од овие количини за населението се потребни 280 милиони метри кубни, за индустријата милијарда и сто додека за земјоделието милијарда и двеста милиони метри кубни. Односно вкупно тоа би изнесувало две милијарди и 580 метри кубни. Ова го зборувам се со цел да

напоменам дека искористеноста на водата во Република Македонија изнесува едвај 32% од вкупниот воден потенцијал.

Ако тоа го спореди со развиените европски земји, на пример со Германија, Швајцарија и Италија, таму искористеноста на водниот потенцијал е повеќе од 75-80%.

Ако вкупната потреба за вода на населението во Република Македонија се преведе во количество вода која е потребна за еден жител тогаш се добива бројка од 388 литри дневно за жител во Република Македонија.

Споредено со податоците што ги изнесов за Европа во просек од 1920 литри можеме да видиме каде се наоѓа Република Македонија со искористеност на водниот потенцијал и може да се каже дека овие состојби во иднина можат да се подобрат, се разбира само ако се води подобар менаџмент на водните ресурси и ако имаме поголема инвестициона политика во таа свера.

Вака наведените податоци укажуваат на тоа дека Република Македонија спаѓа во земјите од Европа кои се побогати со воден потенцијал. Тоа особено сакам да го истакнам, меѓутоа и да истакнам дека овој воден потенцијал не е рамномерно распореден низ целата територија на Република Македонија и дека водниот талог на просторот на Републиката исто така не е рамномерно распореден.

Имајќи го во предвид фактот дека источниот дел на Република Македонија е посиромашен со воден потенцијал, а имајќи го во предвид и се поголемите сушни периоди кои ја зафаќаат Републиката се наоѓа потреба од се поголемо искористување на нашите водни ресурси особено во источните делови на Република Македонија.

Во тој контекст посебно сакам да напоменам дека искористувањето на водите и водните потенцијали на Злетовка река како еколошки исклучително заштитен регион ако се имаат во предвид состојбите со квалитетот на водата во регионалната водна артерија Брегалница претставува императив за поголем број на генерации од овој регион.

Оваа идеа, која секако не е нова во себе ги обединува генерациските напори на поголем број на луѓе кои преку реализација на неа гледаат севкупен детерминиран и одржлив развој на овој регион.

Почитувани пратеници,

Јас како пратеник кој доаѓа од регионот морам да ја искажам мојата неподелена поддршка во однос на донесување на законот за задолжување за изградба на Хидросистемот Злетовица. Изградбата на овој хидросистем во овој

момент преставува основен императив за забрзан стопански развој на регионот особено ако се имаат предви карактеристиките на развој на одделни делови од регионот, пред се на општините кои што ќе бидат зафатени со водоснабдување од Хидросистемот Злетовица, како што се Пробиштип, Свети Николе, Лозово, Кратово, Злетово, Штип и некои други помали општини. Сметам дека овој исклучително пасивен регион со изградба на овој хидросистем ќе може да доживее и малку, ако не во целост, туку некаков импулс за негов развој.

Изградбата на овој хидросистем пред се во основа на подолг временски период ќе го реши горливиот проблем на 100 иљади жители кои што денеска навистина се соочуваат со проблемот од недостаток на вода за пиење и со цел да се овозможи исклучително здрава вода. Ова секако претставува значајна придобивка во подобрување на стандардот на населението преку обезбедување на доволни количини на здрава вода која сметам дека претпоставувам претпоставка за секаков понатамошен развој.

Инфраструктурниот објект ќе обезбеди и наводнување на 3100 хектари обработлива површина на регионот, меѓутоа оваа исклучителна можност за здрава храна, што е предизвик и можност за развој на фармерството кој во секој случај може да биде и добар генератор за развој на регионот и намалување на невработеноста.

Исто така не би требало да се заборави и еко туризмот кој со изградбата на објектот може да биде и тоа како добар момент во развој на подрачјето.

Почитувани пратеници,

Донесувањето на овој закон секако треба да го сватиме во севкупноста на напорите кои треба да се прават во насока на се поголемо искористување на нашите водни потенција а се во функција на заврзан стопански развој на Републиката.

Изградбата на Хидросистемот Злетовица е добар пример кој секако треба и во иднина да се следи и треба да бидеме сигурни дека изградбата на што поголем број вакви водостопански објекти во основа ќе ги подобрат и перформансите на нашата држава во нејзините напори за обезбедување на подобри услови за живеење на граѓаните и обезбедување услови за нејзин стопански развој.

Од тие причини навистина морам да го искажам и моето задоволство бидејќи Комисијата за финансирање и буџет даде едногласна поддршка за прифаќање на овој Предлог на закон и јас како пратеник и ЛДП сметам дека овој пат

едногласно ќе дадеме поддршка на овој предлог на закон се со цел долгогодишните, децениски напори на луѓето и генерациите од овој регион се остварат и населението од овој регион да можеме да овозможиме услови да се снабдува со здрава вода за пиење, да се реши тој проблем и пред се да можеме да овозможиме услови и понатаму за севкупен развој на регионот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Благодарам госпоѓо потпретседател, почитувани пратеници,

Оваа идеа за изградба на една акумулација на Злетовска река и користењето на водените ресурси од таа река е постара од 50 години, меѓутоа позасилени напори во тој правец да се реализира таа идеа почнуваат после деведесеттите години кога подоцна се обезбедуваат и првите почетни средства за изработка на инвестиционо техничка документација. Таква документација беше изработена од еминентни институции во државата и се покажа дека оваа инвестиција и изградбата на оваа брана може да има три наменски карактер. Тоа е водоснабдувањето на населението во Кратово, Пробиштип, Штип, Свети Николе.

Наводнување на огромните површини кои се жедни за вода, кои се лоцирани во текот на Злетовска река, а исто така и за производство на електрична енергија.

Дел од тој проект веќе е реализиран со изградбата на оној историски водовод од Злетовска река до Кратово, во кој се вложени околу 20 милиони евра од страна на компанијата Силекс и од разни банки каде што беше задолжен Силекс и кој средства и ден денеска ги враќа за водоснабдување на градот Кратово и селата кратовски. Изградени се преку 200 км, поставени цевки за водоснабдување така речи на целата Кратовска општина.

Исто така, дел од тој проект е реализиран со изградба на пристапниот пат од Злетово до самата брана во селото Кнежево, за што средства одобри претходната Влада од средствата кои се обезбедија со продажбата на Телекомуникациите.

Според тоа, веќе македонската држава, а исто така и фирми, ангажираа средства за изградба на оваа акумулација. Колку значи водата за пиење - за тоа зборуваше колешката пред мене, а и времето кое доаѓа практично тој проблем ќе го

изострува до крај. Денес во оваа ситуација во општината Пробиштип практично немаме вода за пиење. Тоа особено се чувствува во летните периоди. Проблемот со вода во Свети Николе, речиси на секоја седница на Собранието тука е изнесуван и единствен начин овој град да се снабди со квалитетна вода е практично од тој планински регион на Злетовска река. Исто така, тој проблем се појавува и во општината Штип. Кога е во прашање вода за пиење, практично таа нема цена. Човекот не може без вода. Тоа сме го почувствувале во Кратово и знаеме какви големи последици имаше од немањето доволни количини вода, а тоа длабоко ја наруши тогаш здравствената состојба на населението во Кратово, каде што практично имавме непрекината епидемија на жолтица. Таков случај сега е и во другите градови.

Според тоа, нема друга алтернатива, освен правењето на воаа акумулација за снабдување на овие градови. Наводнувањето на земјоделските површини практично треба да обезбеди две жетви. На тој потез треба и многу други акумулации. Особено во зимскиот период постојните акумулации кај Свети Николе, во Пробиштип, па и штипско треба да се полнат и од оваа акумулација, особено во годините кога ќе имаме поголеми врнежи. Јас нема да зборувам детално за големите ефекти што треба да се постигнат во земјоделството. Тие се познати и евидентни, јасно е дека современото земјоделство, високи приноси, квалитетно производство може да се обезбеди само ако имате вода и сонце, а не е доволно само едното.

Според тоа, и изградбата на оваа акумулација не го решава прашањето на наводнување на огромните површини кои се наоѓаат на потегот Пробиштип, Штип, Свети Николе, Велес и тн., но затоа во одредена мера тој проблем се ублажува. Површините кои се предвидени да се наводнуваат не се така мали.

И третата намена за производството, што веројатно ќе се рализира подоцна, е производството на електрична енергија. Се работи за хидроелектрана. Прво,се работи за ефтино производство. Хидроелектраните од ваков тип даваат многу поефтино производство отколку било која друга електрана, без оглед дали е на цврсто гориво, гас или е нуклеарна централа и тн. Но најзначајно е што со развојот на енергетиката во Македонија, со развојот на производниот дел - и со право тука енергетиката предизвикува големи дискусии, затоа што таа мора на време да се разрешува - е битно целокупниот енергетски систем да биде следен со хидроелектрани, за да се регулира самиот систем, за да се регулира напонот на тој систем. Тие што се технички наобразувани знаат што сакам да кажам.

Според тоа, во тој правец, иако не се работи за голем хидроенергетски систем, меѓутоа и малите хидроелектрани, па уште и помалите, ако се кате, поставени на водоводни мрежи и тн., кога ќе се соберат ќе бидат значаен извор на производство на електрична енергија. Народот неслучајно рекол “капка капе, вир се вири”.

Според тоа, ако се гледа од сите аспекти, а веројатно ќе има и многу дополнителни инвестирања, оваа инвестиција треба практично самата себе да се отплатува и нужно е и понатаму Владата на Република Македонија, преку овој Парламент, овој систем да го поддржува, со негово финансиско заокружување и средствата кои се вложуваат во него треба да бидат ефикасни, брзи, реализацијата да биде брза, да се постави добра организација и ефектите неможе да изостанат.

Затоа, јас како пратеник во овој Парламент, овој закон ќе го поддржам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Мите Николов.

МИТЕ НИКОЛОВ:

Почитувани колешки и колеги пратеници,

Предлогот за донесување закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка, по договорот за заем за реализација на проектот за подобрување на искористувањето на водата во базенот на реката Злетовица е од огромно значење за седумте општини од Источна Македонија и тоа: Кратово, Пробиштип, Злетово, Штип, Карбинци, Свети Николе и Лозово, со повеќе од 100 илјади жители.

Граѓаните од овие општини подолго време го очекуваат реализирањето на овој проект и оваа одлука на Владата ја поздравуваат бидејќи значи здравје, економска и социјална преродба на овој крај од Источна Македонија. Имено, поаѓајќи од фактот што водата значи живот, а знаеме дека околу 70% од вкупната телесна тежина на човечкиот организам отпаѓа на вода, затоа, конзумирањето на здрава и еколошки чиста вода значи и одржување на здравјето, бидејќи со водата се одвиваат сите метаболички процеси во организмот на човекот.

Овој предлог на проектот нуди здрава вода за пиење, со изградба на камено насипна брана со глинено закосено јадро, која е висока 70 метри и ќе акумулира околу 23,5 милиони метри кубни вода, која ќе се користи пред се за водоснабдување на седумте претходно споменати општини.

Втората фаза на проектот е изградба на мрежа цевководи за наводнување на 2900 хектари необработливо и напуштено земјиште, со што ќе се реши проблемот на големата невработеност, бидејќи работно ќе се ангажираат голем број невработени кои од една страна ќе ја решат својата егзистенција произведувајќи еколошки чисти земјоделски производи, кои ќе бидат интересни не само за граѓаните на Република Македонија, но и за извоз. Според проектната документација изградбата на овој дел би чинел околу 20 милиони долари.

Третата фаза што ја заокружува целината на хидросистемот "Злетовица" е изградба на три хидроцентрали и тоа: Злетово 1, 2 и 3, кои би давале околу 56 милиони киловат часови електрична енергија, со што ќе се подобри снабдувањето со истата во овој регион.

Иако не сум економист, меѓутоа, консултирав повеќе економисти од финансиско банкарска насока, кои за подобрување на искористувањето на водата во базенот на реката Злетовица, во првата фаза на Хидросистемот "Злетовица", под услови за максимален износ на заемот од 1 милион и 700 илјади јапонски јени, со годишна каматна стапка од 1,5%, чиј период на отплата е 20 години со грејс период од 7 години и неплаќање на доспеаната камата се додека хидросистемот е во изградба и дава зелено светло, а потегот на Владата го одобруваат и за вакво финансиско задолжување велат дека воопшто не треба да се размислува.

Јас ќе направам една паралела со Хидросистемот "Брегалница", кој од 70-те години наваму го препороди оној дел што од општините Кочани, Штип и Свети Николе ги користат услугите на истиот и веќе може да се каже дека скоро секое семејство од овие населени места и села рационално ја користат водата, имаат своја сопствена земјоделска механизација, скоро секое семејство поседува автомобил, секое второ веќе има свој стан во градовите, а одделни семејства имаат изградено и свои станбени згради во градските средини, за разлика од оние граѓани кои немаат можност да ја користат водата од Хидросистемот "Брегалница".

Како пратеник и здравствен работник го поддржувам предлогот на Владата и ќе гласам за истиот, бидејќи користењето на здрава вода за пиење е еден од основните елементи за здрава популација, а сите знаеме дека здравјето е најголемото богатство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитувана потпретседателке, колеги и колешки пратеници,

Како член на матичната комисија за финансирање и буџет се јавувам за дискусија по Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по Договорот за заем за реализација на Проектот за подобрување на искористување на водата во базенот на реката Злетовица, со Предлог на закон, од едноставна причина што сакам да ја дадам мојата целосна поддршка за прифаќање на овој предлог на закон. причината за мојата поддршка е со следните аргументи.

Сметам дека такви капитални објекти, кои подолг временски период се во развојните програми и планови на Република Македонија не можат да се реализираат без користење на поволни странски кредити. Без оглед на фактот што се работи за задолжување на граѓаните на Република Македонија со долгорочен заем во износ од 84 милиони долари, без разлика што овој кредит ќе го враќаат нашите деца, се разбира и моите, мојата поддршка е целосна. Повеќе од очигледно е дека реализацијата на тој проект кој ќе се одвива во три фази ќе значи ревитализација и заживување на еден регион од Источна Македонија кој што е пасивен, сиромашен, неразвиен. Водата како услов за живот е дефицитарна во источниот и централниот дел на Република Македонија, а најзагрозени со вода за пиење и вода за санитарно-технички потреби се општините Пробиштип, Штип, Свети Николе, Кратово, Злетово, Карбинци и Лозово со вкупно население од над 100 илјади жители. Според сите светски истражувања се укажува дека чистата вода за пиење ќе станува се подефицитарна, така што се предвидува, што нормално не би сакала да се оствари, идните војни да се водат за чиста вода за пиење. Ова нека остане една неостварена прогноза.

Единствениот водотек кој може да ги задоволи потребите од вода за пиење и наводнување и на седумте погоре спомнати општини во овој регион е Злетовска река, која со својот хидролошки потенцијал овозможува обезбедување квалитетна вода за пиење за подолг временски период. Се почестите сушни периоди ја доведоа до алармантна состојба потребата од вода за пиење во овие седум општини. Од тие причини, во последните години се вршени интензивни истражни проектантски работи на базенот на Злетовска река и изработка на инвестиционо-техничка документација за изградба на тој повеќенаменски проект, според кој водите од Злетовска река и браната Кнежево ќе се користат пред се за:

1. Снабдување со здрава и чиста вода за пиење и индустриска вода на веќе спомнатите седум општини и околу 50-тина села што гравитираат околу нив се до 2025 година со околу 1006 литри вода во секунда.

2. Наводнување на 2900 хектари земјодески површини и производство на здрава храна за населението од овој регион и пошироко.

3. Производство на електрична енергија преку три хидроцентрали, Злетово 1,2 и 3, со вкупно годишно производство од 56,4 милиони киловат часови електрична енергија.

Пред да дојдеме до оваа фаза за донесување предлог закон за задолжување, за поефикасно завршување на инвестиционо-техничката документација во месец мај 1992 година е формирано Друштво со ограничена одговорност Хидросистем “Злетовица”, а во јуни 2001 година е основано Јавното претпријатие за водостопанска дејност Хидросистемот “Злетовица” - Пробиштип, кое треба да се грижи за реализација на проектот, негово управување и стопанисвуање. Во Јавното претпријатие моментално се вработени 9 лица, а во моментите на најинтензивна градба се предвидува дека ќе бидат вработени 35 лица. Како што е предвидено, Хидросистемот “Злетовица” според техничкото решение ќе се гради во три фази и тоа, првата фаза водоснабдување, втората фаза наводнување и третата фаза енергетика.

Со оглед на високата пресметковна вредност на овој повеќенаменски проект, посебно во првата фаза, водоснабдување, за која веќе се потрошени 11,7 милиони долари, од кои 2,7 милиони долари одобрени од средствата од продажбата на ТЕЛЕКОМ и 9 милиони долари од месен самопридонес од општините и други сопствени извори, Владата на Република Македонија ни предлага останатите средства до пресметковната вредност да се обезбедат преку кредит од Јапонската банка за меѓународна соработка, од причина што споменатата банка не ги финансира 100% прифатените проекти, во Предлог-законот се предлага 75% од задолжувањето да биде со заем од околу 84 милиони долари, а 25% или околу 30 милиони долари средства да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија.

Експерти од банката кредитор престојувале во Република Македонија и од нивна страна се изработени две студии, со кои е дадена подршка на кредитирањето на првата фаза односно водоснабдувањето. Давањето подршка за задолжувањето, а со тоа и реализацијата на овој проект, има силни и слаби страни. Слаби страни се следните. Надворешно задолжување на Република Македонија со долгорочен заем од околу 84 милиони долари. При сегашната цена на водата за пиење и ниските

лични примања на водокорисниците, се доведува во прашање рентабилноста на овој проект, кој нема да носи профит. Се врши и внатрешно задолжување на државата односно преку Буџетот да се обезбедат 25% од средствата во износ од 1, 5 милијарда или околу 30 милиони долари. Отплатата на првите три ануитети по изминувањето на грејс периодот од 7 години, поради нерантибилноста на проектот повторно треба да се обезбедат со буџетски средства во износ од 390 милиони денари или околу 8 милиони долари.

Од друга страна предностите односно силните страни се. Кредитот е поволен, со рок на отплата од 25 гоидини, 7 години грејс период и каматна стапка од 1,5% од годишно редовна и затезна камата од 3,5%, ако редовно не се плаќаат ануитетите. Во грејс периодот од 7 години, за кои што период треба да се реализира проектот, каматата ќе се капитализира. Така што, додека објектот е во изградба нема да се плаќа каматата, која ќе се плаќа почнувајки со првиот ануитет од 20 април 2011 година, се до последниот ануитет кој завршува на 20 октомври 2028 година.

Здравјето на луѓето нема цена односно не се купува со пари. Така, со чистата вода за пиење и готвење ќе се намалат инфективните и цревни заболувања, а со тоа и трошоците за лекување и лекови. Иако проектот не е профитабилен, туку е развоен од неговата реализација што живот значи за тој крај, се очекуваат долгорочни позитивни ефекти врз динамиката и развојот на тој пасивен крај и пошироко. Заживување на стопанската и економска активност, развој на селскиот и еколошки туризам и слично.

Проектот е со едногласна подршка од граѓаните од седумте општини. Се надевам дека и подршката од пратениците, не само од Источниот регион, туку и од сите вас нема да изостане.

Исто така, сметам дека треба да и се заблагодариме на Јапонската Влада што уште еднаш го потврдува своето пријателство кон Република Македонија и својата спремност, покрај донациите и неповратните средства што ни ги дава во областа на здравството, образованието, екологијата, културата, еве и со овој заем ни помага да реализираме еден проект , што во програмата на Владата за инвестирање во јавниот сектор е со посебен приоритет.

Комисијата за финансирање и буџет му даде целосна подршка на Предлог законот.

Пратеничката група на СДСМ, исто така, а мојата лична подршка ја истакнав уште на почетокот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Колеги, точно е 13 часот и 1 минута, време е да направиме пауза. Инаку, има еден пријавен , дали можеме да продолжиме. Господинот Слободан вели дека за 5 минути не е проблем. Да ве известам меѓувреме се приајвија уште двајца, што значи вкупно има тројца приајвени за дискусија, така што нававувампауза и за 30 минути продолжуваме со работа.

(По паузата)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со расправа.

Збор има господинот Слободан Даневски.

Господине Даневски продолжете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке, дами и господа пратеници, господа министри,

Идејата е стара повеќе десетици години и  на самиот почеток мора да се даде една благодарност на сите оние кои учествуваа во овој историски проект за Источна Македонија кој опфаќа 5 општини за водоснабдување, ќе се користи во три фази, тронаменски ќе биде и сигурно дека сите овие кои учествуваа во овој проект и кои дадоа свој придонес едно големо благодарам. Бидејки, идејата да се возобнови оваа идеја повторно почна некаде во деведесетите години. Тогаш, на меѓурегионален состанок помеѓу претседателите на општина Штип, Свети Николе, Кочани, Кратово и Пробиштип се поведе една иницијатива да се обезбедат средства, со тоа што како таква иницијатива да се формира јавно претпријатие, со кое ќе стопанисуваат општините . Беше формирано јавно претпријатие, но потоа доби друг тек, се формираше заедничко претпријатие Студенчица и Злетовица. Морам да ги спомнам имињата на тогашните претседатели на Штип Трајко Спасов, на Кочани Беличев, на Пробиштип Славко Наумов, Добри Наумов и на Кратово господинот Ѓорѓи. Сигурно дека за ова беа се заслужни и повеќе научни работници, а во тоа време голема помош и подршка даде синот на Ченто, кој обавуваше функција министер без ресор и така оваа идеја почна иако многумина не веруваа дека може да се реализира. Упорноста, еве, ги даде ефектите после десетина години, така што денес доаѓаме со Предлог на закон да ја завршуваме онаа прва фаза што значи да почне изградбата на езерото Кнежево, кое ќе произведува некаде 23 милиони кубни вода, што првата намена ќе биде вода за пиење на тие 5 општини.

Мораме да спомнеме дека е добро што се задолжуваме посебно кај Јапонската Влада благодарност и е добро што овој проект оди кај Јапонците, затоа што и во самиот Предлог закон многу добро се детерминирани обврските на нашата Влада, тоа е на Јавното претпријатие за стопанисување Хидросистемот Злетовица и на Владата на Јапонија. Сигурно дека кредитот е поголем, обезбедува услови со 7 години грејс период, враќање на 25 години, каматата ќе се капитализира, со тоа што, се создава и обврска ако не се испочитуваат дадените рокови односно ако ануитетите не се плаќаат ќе следи затезна камата со 3,5%. Тоа е добро, затоа што не обврзува нас како држава, како Влада она што е ставено во Договорот да се реализира, затоа што во случај да не се исполнуваат дадените обврски во дадените термини и рокови, може да дојде до блокирање на кредитната линија.

Ова би го поврзал со тоа што мојата упорсност тука еве веќе 7 или 8 месеци кога зборувам за водоснабдување на Градот Свети Николе, многумина велат дали не им достади на пратениците на јавноста и на самиот себе. Не, не досадив, туку мислев дека упорноста ќе се исплати, затоа што во самиот Договор кој го носиме со Предлог на закон стои дека 7 години треба за изградба на браната Кнежево. Што значи Градот Свети Николе во наредните 7 години во идеални услови ако се одвиваат работите како што треба , нема да се реши снабдувањето на Градот Свети Николе. Затоа е, тоа мое упорно јавување до Министерството, друго, трето да се обезбеди алтернативно решавање на водоснабдување на Градот Свети Николе. И, до ден денес иако се прават активности за реновирање и модернизирање на филтер станицата во Градот Свети Николе, сигурно дека нема да се реши снабдувањето на Градот Свети Николе, затоа што еве повторувам по незнам кој пат браната Мавровица, која е веќе една категорија од 5, 6, не постои теоретска можност во разговор со стручни и компетентни луѓе да се направи водата да биде добра за пиење. Значи, останува отворено прашањето за алтернативно решавање на градот Свети Николе со чиста вода за пиење. Нема да зборувам за онаа втора и трета фаза, сигуно дека условите што ги дава, бидејки така работи Јапонската Влада се обезбедени 75% од средствата. Што значи нашата обврска како држава, Република Македонија , имаме обврска да обезбедиме уште 25% од средствата да се заврши првата фаза, а тоа значи да се аправи т.е. да се изгради браната Кнежево. Сигурно дека стои обврска пред Владата да се обезбедат средствата, иаков о Договорот стои дека тоа ќе бидат средства кои ќе треба да се обезбедат од Буџетот, ова го поврзувам затоа што за општините Штип, Свети Николе, Лозово не е решен цевоводот, што значи и додатни зафаќања некаде со нови 18 милиони американски

долари, со што се усложнува проектот, со тоа што ќе треба да се размисли и добро е сега да се потенцира и да се нотираат некои моменти, за да стои како обврска на Владата, што значи Владата си зема обврска да обезбеди додатни 18 милиони долари, за да може да се реализира односно да се финализира проектот со водоснабдување на општините Штип, Свети Николе и Лозово.

Не би го задржувал повеќе вашето внимание, добро е што помошта доаѓа од Јапонската Влада, исто така една голема благодарност. Сигурно дека, иако ние обично кога ќе земеме некоја обврска не ја исполнуваме, тоа е стара навика во Македонија, тие се тие и добро се опишани во документот, секогаш ќе не корегираат и ќе бидеме притиснати овој проект со дадените термини да се испочитува, за да може како таков да се реализира. Верувам дека ќе дадат подршка сите пратеници, овој е капитален проект, не сакам да влегувам во материјална расправа, она што го зборуваа дел од пратениците дека се работи за водоснабдување на 100 илјади жители, онаа втора фаза дека ќе треба да оди наводнување на 2900 хектари. Третата фаза 1, 2 и 3 Злетовица 96 милиони киловат часови електрична енергија, најбитното во овој момент е водоснабдувањето на овие 5 општини. Знаеме какви се ресурсите, знаеме се и верувам дека ќе добие подршка апсолутно од сите пратеници од Парламентот во Република Македонија .

Благодара.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодара.

За реплика се јави господинот Голомоеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам потпретседателке.

Само дополнување, кога веќе господинот Даневски спомна конкретни имиња како заслужни граѓани за реализација на овој проект мислам дека е неправедно ако не се спомне господинот д-р Коста Балабанов, генерален конзул на Јапонија во Република Македонија , кој има исклучителна односно одигра исклучителна улога во изведувањето на оваа кредитна линија. Покрај целата помош што тој успеа да ја обезбеди во здравството знаеме за Штип, Битола и другите медицински центри, сепак еден од најзаслужните за обезбедување на оваа кредитна линија, без која, верувајте, немаше да се реализира ваков проект. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ова не беше во вид на реплика, повеќе како дополнение.

Господине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Мислам дека ова не е намерна грешка. Исто така јас се извинувам и едно големо благодарам, но тука треба да се спомнат и скоро сите министри, имаме многу личности и сите министри за земјоделие кои ја обавуваа таа функција од 1990 година до денес, затоа што сите имаат придонес во овој проект. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам госпоѓо потпретседател, дами и господо пратеници,

Претпоставка за одржлив развој на целиот Северно-Источен регион во Република Македонија , претставува, барем според мене токму овој проект, кој што обезбедува и вода за пиење и технолошка вода за идните индустриски капацитети. Обезбедува вовтората фаза можност за наводнување на 4 илјади хектари, на крај обезбедува во трета фаза производство на електрична енергија од водите на реката Злетовица. Што е најважно за овој проект што треба да биде во неколку точки сублимирано тука.

Под број еден, наважно е дека овој проект е еден од ретките проекти за кои што во државата има консензус околу неговата, би рекол оправданост од сите граѓани, политички партии, сите институции на државата Република Македонија .

Второ, што овој проект успеа да ги помине сите сили и харидби на преговорите со Јапонската Влада, тешки преговори со помош на нашиот почесен конзул на Кралството Јапонија во Македонија , господинот Балабанов, со помош на целокупниот би рекол оној административен потенцијал на Владата на Република Македонија и сите стручни тела кои што учествуваа воизработката и деценискoто докажување на оправданоста на овој проект. Трето, државата успеа во ова докажување дека овој проект е оправдан пред Јапонците, пред Јапонската Владата, пред Јапонската банка за меѓународна соработка да ги исполни двата основни услови.

Првито услов беше да се обезбеди локална контрибуција, домашни финансиски ресурси и тоа се обезбедија 5 милиони евра од средствата добиени со продажба на Македонскито телеком, кои што беа употребени за елементарно, би рекол она што е основно да може овој проект да се гради 20 километри пат од населенето место Злетово до телото на браната во населеното место Кнежево, каде што ќе биде и 76 метри високата брана на хидропроектот Злетовица. Потоа се

формираше институционален субјект по барање на јапонците, тоа е водостопанската организација Злетовица, која што го има и местото каде што треба да биде , тоа е гратчето Пробиштип. Отука со исполнувањето на овие два услови, завршија макотрпните тригодишни преговори, со кои што проектот стана на некој начин , веќе стана извесно дека тој ќе биде потпишан и конечно еве тука сме на денешната седница да дадеме подршка на Предлогот на закон, со кој што Република Македонија ќе обезбеди гаранција и ќе се задолжи пред Кралството Јапонија односно Јапонската банка за меѓународна соработка.

Се на се јас давам подршка на овој проект и мислам дека овој проект и во иднина , не само во прва фаза, туку и во втората и третата фаза треба да биде подржан и ќе обезбеди живот, егзистенција и перспектива за над 100 илјади граѓани на Република Македонија кои што живеат во Северно-Источните предели на државата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Мојата дискусија ќе биде анвистина кратка во интерес на времето и воопшто нема да зборувам за значењето и за ефектите од овој проект, бидејки навистина моите колеги претходно доволно и повеќе од тоа зборуваа за сите ефекти што ќе се добијат од проектот.

Само ќе се обидам да укажам на еден проблем кој денес постои и ако во идниот период не работиме ан неговото разрешување, навистина може да стави дамка на целиот овој проект, кој е од огромно значење за целиот овој регион од Источна Македонија. За што се работи? Се работи за проблемто на наплатата на надоместокот на испорачаната вода како водата за пиење што се испорачува на граѓаните од страна на локалните јавни претпријатија, така истиот проблем присутен е и кај водата за водоснабдување, за наводнување на земјоделските производи односно на површините на земјоделските производители.

Навистина овој проект е од развоен карактер и со право се пишува дека неговата улога не е да создава профит, но ние навистина мора да се обидеме да создадеме механизми за наплата на испорачаната вода на корисниците, како би обезбедиле средства за плаќање на достасаните ануитети, за враќање на заемот и

се разбира каматата. Во спротивно, Јавното претпријатие “Злетовица” нема да биде во можност да ги сервисира достасаните обврски по овој заем, а недостигот од средства, како што пишува во член 6, ќе мора да се платат од Буџетот на Република Македонија.

Ако Јавното претпријатие “Злетовица”, а како што стојат состојбите со сите јавни претпријатија кои се бават со оваа дејност - водоснабдувањето е во катастрофално лоша состојба и ако не се преземе нешто не може да биде во можност да ги плати овие обврски, тогаш нема да има многу корист од одредбите по член 7 од предложениот закон, со кој Јавното претпријатие се задолжува во рок од 30 дена од денот на извршувањето на обврската од страна на Република Македонија, значи од Буџетот, да пренесе средства во корист на Буџетот на Република Македонија. Како да пренесе ако навистина нивните побарувања од јавните претпријатија не се наплаќаат. Ако јавното претпријатие не ги наплати своите побарувања од локалните јавни претпријатија, тогаш одредбата од став 2 на членот 7 со која Управата за јавни приходи ќе издаде налог за блокирање на средствата на крајниот корисник по основ на враќањето на данокот на додадена вредност, јас незнам, ова е блага форма на блокада, значи само на средства по основ на враќање на данокот на додадена вредност, сигурен сум дека исто така нема да се реши проблемот.

Имаме доволно време од седум години грејс период, пред нас се наоѓаат и законите кои ја регулираат сферата за регулирање на локалната самоуправа, затоа сакам Министерството за финансии внимателно да го разгледа овој проблем и особено со донесување на Законот за финансирање на локалната самоуправа ќе вгради такви одредби и решенија со кои ќе обезбеди многу поголем процент на наплата на испорачаната вода и на другите комунални услуги од страна на јавните претпријатија. Со тоа ќе се обезбедат средства и за нормално сервисирање на достасаните идни обврски од тој заем кој денеска ќе го гласаме и кој навистина пак ќе речам е од огромно значење за цела Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Благодарам госпоѓо потпретседател на Собранието,

Јас сакам да се придружам на учесниците во расправата кои го истакнаа значењето на овој регионален проект со кој се решава водоснабдувањето, а пред се водата за пиење во овој критичен дел каде честдо пати имаме или нечиста, загадена вода или недоволно вода.

Исто така се придружувам и на признанијата што беа изречени на истакнати поединци кои го овозможија овој проект да дојде до оваа фаза. Само сакам да потсетам, како некои што го сторија тоа, овој договор за заем фактички предвидува механизмите кои се вклучени да делуваат како саат. Субјектите кои се вклучени да бидат способни да делуваат за да не дојдеме да го градиме наместо седум, да го градиме девет години, па последните две години да си плаќаме свои пари, да не можеме  да ги користиме средствата од заемот, да не паднеме во задоцнување при исплатата, што може дас ја искомплицира целата работа, а за тоа како делуваат нашите субјекти само ќе ви кажам еден случај. Клучна улога овде во техничката документација и сите подготвителни работи има направено јавното претпријатие “Злетовица”. Меѓутоа, колку мене ми е познато, Јавното претпријатие “Злетова” не доби ни еден денар од Буџетот. Во Републичкиот буџет тие не фигурираат ни како ставка. Ништо не им се плати, луѓето 10 месеци немаат земено плата. Ако се сеќавате, кога го донесувавме Буџетот јас интервенирав, ја изнесов таа грешка во конструкцијата на Буџетот, но тоа не се исправи и при ребалансот. Ако сакаме сериозно да се однесуваме спрема меѓународните договори, но и спрема обврските кон граѓаните од овој регион, Владата на Република Македонија со посебна одлука треба да определи средства од тековните резерви на Буџетот, да се исплатата платите на ЈП “Злетова” и итните давачки кои таа мора да ги измирува за да функционира во смисла на овој договор кој фактички сега Владата на Република Македонија ја обврзува за таа работа.

Затоа, да не одолговлекувам, мислам дека треба да ги оспособуваме институциите кои ги вовлекуваме во вакви сложени операции, а неизбежно е да ги вовлечеме, а не калкулираме партиски дали е некој од оваа или онаа партија, затоа што тоа може многу да не чини, туку на време да се преземат сите мерки и ова по мое мислење техничкиот персонал на ова претпријатие е многу способен, многу добар и добро ги водел работите, ако има некои грешки на поединци надлежните луѓе нека го гонат криминалот, тоа нема врска со политиката на Владата на Република Македонија, Владата мора да застане зад оваа организација и мора да ја исправи грешката што е направена со Буџетот за да ни успеваат вакви проекти и за

да вакви проекти не рушиме сами со пропусти кои сме ги направиле во функционирањето на нашите одлуки по предлог на Владата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Ова нема да биде реплика од таков карактер, меѓутоа, сакам на господинот Андов да му укажам дека навистина вработените во Јавното претпријатие 10 месеци не земаа плата, тоа е факт, но еве и ова е исправено и оваа недела на сметка на ЈП во интерес на граѓаните и вработените ги земаа платите од средствата на Буџетот поточно од средствата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство исплатени се платите на вработените и дополнителните потреби за реализација на проектот, така што во тој поглед работите се движат напред, одредени градежни активности се присутни на терен во поглед на доизградба на патот и очекуваме дека овие активности ќе се интензивираат се со цел да го следиме проектот и да го завршиме во предвидениот рок. Тоа е сегашната ситуација.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Андов ќе одговори на репликата.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, јас незнам што се случило оваа недела, меѓутоа, сакам да ви кажам дека во јануари укажав овде дека е направена грешка во Буџетот и дека Владата на Република Македонија треба да ги ја исправи. Добро е и сега што ја исправила грешката, но навистина е многу чекање. И претседател на Советот на оваа организација требало да биде поупорен порано тие работи да се завршат. Ако на вакви работи чекаме 10 месеци, верувајте нема да ни функционираат институтиците. Тоа беше мојата забелешка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е јавена госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Потпретседателке, не сакав да се јавувам за реплика од причина што гледам дека има општа поддршка на овој кредит за заем од Јапонската банка, но последната дискусија на некој начин ми даде повод за тоа. Сакам да кажам дека е ова еден долгорочен проект и заслуги има и на претходната, а и на пред - претходната Влада, бидејќи проектот потекнува уште од 1992 година и претходната Влада, односно Владата на господинот Љубчо Георгиевски го затегна овој проект подготвен на едно високо техничко ниво за градба. Средствата што беа доделени од Телеком, тоа се факти и докази дека целосно не се искористени за намената, но дел се злоупотребени. Како таа Влада водела сметка ако ова сега не води сметка за тој проект. Значи, дел од средствата од Телеком се злоупотребени за партиски цели, а не спрема проектот односно за изградба на објектите на “Злетовица”.

Имено, доказа за тоа постои, извршени се записници од контролата на материјално - финансиското работење на ЈП Хидросистемот “Злетовица” и поднесената кривична пријава за претходниот директор за давање средства за партиски цели. Но, сепак најголема злоупотреба и загрозување на проектот е направена во злоупотребата на средствата од Телекомот за изградба на пристапниот пат од Злетово до идната брана Кнежево во должина од 20 км. Имено, средствата предвидени за изградба на 20-те километри се потрошени, а се изградени само 11 км. иако рокот одамна е завршен, биле предвидени шест месеци за градба, парите биле обезбедени, но тој пат сеуште не е завршен. Еве колку претходната Влада водела сметка за тој проект, има и други податоци, но не сакам поопширно.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор на репликата господинот Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Видете, јас немав намера да отворам полемики овде, ниту за старата ниту за новата Влада, јас само кажувам и потсетувам оти во Буџетот за оваа година единствено јавно претпријатие кое основано од Владата не беше внесено и за него немаше ставка во Буџетот. Немаше обезбедено пари - 10 месеци не беше финансирано. Ако некој правел патишта вакви или онаки, кога и како, нека си

одговара за таа работа, ние овде ја надгледуваме работата на Владата на Република Македонија, која овде во овој Парламент е избрана, 10 месеци не беа платени луѓето, 10 месеци нивните активности беа кочени со тоа затоа што без пари ништи не се прави. Сега незнам како Министерството дало пари кога е тоа престап, во Буџетот нема во Министерството за тоа, но да не одам за тоа, добро е што биле еластични па го направиле тоа. Нека го покријат со одлука на Влада, нека се среди како што треба, јас зборувам за тоа што институциите ни работат врз основа на закон и ние да се однесуваме одговорно, а и Владата исто така. Тоа ми беше намерата, ништо друго.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави министерот за земјоделие Славко Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Бидејќи е повикана Владата од пратеникот Андов, а како што гледам заедно со заменик министерот за финансии сме единствени претставници на Владата, па должен сум да дадам неколку податоци кои сметам дека ќе фрлат повеќе светлина на ова.

Прво, апсолутно не е точно дека во 2001 и 2002 година ЈП “Злетовица” е финансирано од Буџетот на Република Македонија од претходната Влада. ЈП “Злетова” во 2001 и 2002 година не беше ставено во Буџетот на Владата, туку напротив, на два пати по 10 милиони денари беше финансирано од средствата од Телеком во висина од 310 милиони кои беа одобрени за извршување на работите околу изградбата на цевоводот и пристапниот пат. Во 2003 година, со оглед на тоа дека средствата не беа предвидени во Буџетот, а знаете дека треба да се обезбедат, а средствата што се трошат во висина од 136 милиони веќе беа ставени во функција со дополнително распишани тендери околу реактивирање на веќе завршен тендер поради постоење на правни пречки се утврди дека повеќе средства од “Телеком” нема за финансирање на “Злетовица”, поради што во Министерството пристапивме преку рестрикција и редукција на Програмата за поттикнување на земјоделството и од други позиции префрливме 10 милиони денари кои ги обезбедивме за работењето на ЈП “Злетовица”, со оглед на фактот дека таму се вршат дополнителни работи по два анекс договори и основни работи околу изградба на цевководот преку тендер што го доби “Глобал-импекс”. Не е точно дека во претходниот период Владата имала предвидено средства во Буџетот како што не е

точно дека во овој дел некој приговарал во поглед на тоа дека такви средства не се обезбедени, туку напротив, средствата се обезбедени од “Телеком” од продажбата, но тие се потрошени заклучно со 2002 година и поради недостиг на средства за работа на ЈП “Злетовица” од Програмата на Министерството беа префрлени средства и тоа не само за нив, туку и за други водостопански рпетпријатија што мислам дека овој проблем го решивме.

Тоа колку за информирање за да не биде забуна од каде се извроите на средства и кои средства се употребени за ова.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Претпоставувам дека за реплика се јавува господинот Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Не за реплика, туку да му одговорам. Видете да ви кажам, пак не се разбираме. Средствата од “Телеком” се определени преку Буџетот за оваа или онаа намена. Тоа е од Буџетот. Средствата од “Телеком” се само извор, инаку начинот на давање е преку Буџетот. Според тоа, при крајот со ребалансот во 2001 година од Буџетот се определени средства да се дадат за “Злетовица”. Изворот е “Телеком”, но од Буџетот. Не може “Телеком” да им дава на јавните претпријатија. Тоа е една работа.

Втора работа е што во Буџетот за 2003 година, ако немаме од “Телеком” некој друг извор, требаше да определиме, но не определивме. Сега министерот си определува, но нека е инспекцијата и ревизијата ќе види дали треба така да работи или не, но тоа е друга работа, мене тоа не ме интересира, мене ме интересира и предлагам Владата на Република Македонија со своја одлука да го покрие министерот да има основа во Буџетот да функционираат институциите, ништо друго не предлагам, само тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Марјан Ѓорчев е јавен повеќе процедурално, но изгледа како дискусија. Но, не сте на ред, пред вас е господинот Жарко Караџоски, Ванчо Стаменков. Како процедурално може.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Сосема кратко и тогаш кога сакаме да бидеме конструктувни како опозиција ни се врзуваат рацете. Имено, за што се работи? Ако сакаме да набедуваме личности, тогаш треба да бидеме, јас ќе кажам во сосема спротивна насока. Ако е некој заслужен за овој проект на локално ниво, а подоцна и на државно ниво како државен службен тоа е градоначалникот на општина Пробиштип од 1996 - 2000 година и подоцна директорот на ЈП “Злетовица” од 2000-2002 година. Обвинувањата за некој човек дали има кривична пријава се додека тоа не се докаже не претставува злоупотреба на средствата со кои раквоодното лице и луѓето кои таму работеле, работеле на начин како тие ценеле дека треба да работат. Значи, една добра идеја, една добра мисла, една добра атмосфера сакаме да ја нарушиме со тоа што ќе набедуваме луѓе за кои не е докажано дека се виновни, не е докажано дека злоупотребиле, едноставно некој им поднел кривична пријава. Мислам дека ова е свечен момент да дадеме поддршка со консензус, меѓутоа, во одбрана на тие личности морам да кажам дека не можеме некого да обвинуваме кога не се виновни. Тоа може да го каже само судот, не можеме ние како законодавен дом и не можеме да антиципираме вина кај некој човек кога таа вина едноставно не постои, барем според мене и оттука апелирам уште еднаш да го задржиме овој позитивен дискурс во дискусијата и да го изгласаме предлогот на законот, да не набедуваме личности за кои нема потреба.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Ѓорчев, мислам дека процедуралната забелешка беше на место и мислам дека почетниот дух на расправата беше попријатен.

Збор има господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател, јас ќе бидам многу краток, мислам дека оној конструктивен придо кој навистина почна во текот на седницата се измести, незнам од кои причини, меѓутоа, почна да се зборува кој е колку заслужен, кој е како заслужен за овој проект, јас ќе кажам една моја теза, па побијтеме. Ќе испадне дека најзаслужни за овој Проект се токму прилепчани. Еве од која причина. Предлагач и претставник на Владата на Република Македонија е токму прилепчанец, господинот Димко Кокароски, а и јас давам поддршка и верувам дека сите прилепчани ќе гласаме едногласно. А зошто прилепчани, затоа што сме ние навистина најголеми паталци, знаеме што е да нема вода.

Инаку, друго, морам да кажам и една друга работа, не би сакал премногу да го фалам законот кој го гласаме, сепак станува збор за задолжување, проектот е добар и многу работи се добри во овој закон, но најдобрата работа знаете која е? Најдобрата работа е што конечно господинот Слободасн Даневски нема да го слушам секоја седница да поставува едно исто прашање и конечно со донесувањето на овој закон мислам дека прашањето ќе биде апсолвирано.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Одиме понтаму, има збор господинот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Еве, јас сакам накратко да ја дадам мојата поддршка за овој закон иако, како што кажаа колегите, државата ќе се задолжи со нови финансиски средства направи нови долгови, но сепак потребата го има предимството односно она што ќе добие државата посебно луѓето од овие седум општини односно околу 100.000 граѓани на Република Македонија сепак е приоритет и мислам и според дискусиите во Парламентот, како што повеќето од пратениците односно сите се изразија позитивно, ќе имаме една комплетна поддршка и од позиција и од опозиција, што е навистина добро кога се наоѓа еден заеднички јазик за одредени прашања.

Инаку потребата за изградба на хидроакумулации во Република Македонија е изнудена, не е потреба, не треба да биде воопшто инцидентана, туку треба да биде многу попплански проектирана и да се тргне мислам многу поофанзивно во оваа сфера. Едноставно кажано докажано е дека Република Македонија има оскудица со води, посебно источниот дел на Македнонија гледаме дека во сушните периоди има голема потреба од води, односно во некои сушни години се доведе овој крај во таква ситуација што едноставно на земјоделците им се забранува да сеат одредени земјоделски култури. Заради недостиг на вода секоја година имаме проблеми со водата за пиење, имаме страшни рекстрикции. тука е Свети Николе, Штип, Кочани, едноставно кажано скоро сите населени места имаат огромен проблем со водата Така што иако се работи за задолжување развојната функција на овој проект што ќе се постигне со изградбата на хидроакумулацијата на Злетовска река сигурно овој долг што ќе го направиме тоа ќе го надмине, односно сето она што ќе го добие овој

крај ќе ги надокнади овие финансиски средства со кои што ќе ја задолжиме државата. Инаку, кога веќе е тема една хидроакумулација би спомнал дека за да дојде до физичка изградба на хидроакумулацијата, односно до добивање на финансиски средства за изградба потребо е да се создадат некои предуслови, а најважно од се е едноставно ние како парламент, Владата на РМ да го утврди приоритетот за изградба на хидроакумулации, да утврди кои се тие почетни финансиски средства кои што се потребни да ги издвои од буџетот секоја година да издвојува одредени финансиски средства за одредена акумулација за да се изработат неопходните проекти, неопходната техничка документација па и да се изградат некои објекти од инфраструктурата кои што како предуслов стојат за инвеститорите. Така што еве ние сега 2003 година ја пропуштивме, ништо не направивме во овој поглед на имавме и дискусии во парламентот и се укажуваше на неминовноста, од изнуденоста за изградба на акумулација на Оризарска река. Имаше и пратеничко прашање и одговорот беше дека оваа година ќе се изнајдат средства за изработка на една студија за оваа брана на оризарска река, односно хидроакумулаицја. Не го направивме тоа и мислам дека пропуштивме една година. Но, сепак се надевам дека како што се донесуваат програмите за останатите области би требало многу брзо да донесеме една програма овде во парламентот за приоритет на изградба на хидроакумулации во Репубика Македонија и со точно одредени години, датуми и финансиски средства кои што треба да ги издвоиме од буџетот за да се вклучиме во она кое што сите го знаеме дека е приоритет на Република Македонија, односно обезбедување на вода и за наводнување и за пиење.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-дино Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Реплика на Жарко Караџоски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам г-дине Даневски, но ви помина времето. Не се јавивте на време. Не се јавивте по дискусијата на Караџоски, сега се јавувате, доцна ви текнало.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Немојте да имате и вие лош ден како вчера што имаше потпретседателот. Немјоте да грешите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Даневски, да почитуваме ред.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас дигнав рака.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ако сакате реплика на претходниот дискутант на г-динот Стаменков, повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На Стаменков. Годинот Жарко Караџоски како пријател на Стаменков.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да бидеме сериозни навистина нема смисла.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Па вие ја терате така работата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Даневски, помина време за реплика. Во духот убав како што почнавме, така да продолжиме.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ќе бидам краток, 30 секунди, мерете го времето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Значи реплика за Стаменков.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Досега ќе завршев. Јас на Жарко Караџоски би му простил како христијанин. Јас би го слушал него за тутунот да зборува и никогаш не би ми било здодевно, а јас ќе зборувам за водата додека не се реши случајот во Свети Николе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитувана потпретседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, денеска навистина на дневен ред имаме еден многу значаен проект  кој е од животно значење за жителите на Република Македонија. Посебно има потреба и неопходност затоа што еден дел од територијата на РМ каде живее дел од нејзините жители се снабдува со вода за пиење и во овој случај, во конкретниот случај значи правиме нешто позитивно  за луѓето од тој дел. Да не се разберам лошо овде од многу пратеници зошто Вејсели зборува за источна Македонија? Затоа што е како традиција и обичај овој парламент да дава гаранции во име на Република Македонија за задолжување на средства  од разни држави кои задолжуваат пари и РМ да биде гаранција само за источна Македонија. Зборувам за еден четири годишен период, како овој Парламент ја дели Македонија и како во

Македонија најзначаен дел е само источна Македонија. Нека каже претставникот на Владата, или пратениците дали во текот на овие четири години се усвои еден проект закон во кој се дава гаранција од страна на Владата или од државата за некој проект во однос на западна Македонија. Имаме многу проекти од претседателите на општини, од разни здруженија, или разни иницијативи институционални, но, никој овие ги нема почитувано. Мислам дека на оваа практика треба да и дадеме крај. И повторно велам, не сум против усвојувањето на овој проект кој што сте го предложиле денеска, и јас ќе го поддржам овој проект. Сум за се што е од интерес на граѓаните да го поддржам, но секогаш сум против тоа Македонија да се подели во неколку делови каде ќе се фаворизираат некои делови а некои ќе се запостават. Со целосна одговорност велам и ова треба да го има во предвид и самата Влада дека со години наназад е запоставена западна Македонија. Дури и некои други делови не се споменуваат. Пред неколку години предложивме и овој парламент усвои закон за неразвиените делови, но за источна Македонија, се сеќавате за тоа што се случи пред две години во овој парламент. Ве молам, ако сакаме да ја постигнеме еднаквоста треба да се прифатат и проекти кои се од интерес за западна Македонија. Затоа мислам, дека уште еднаш сакам да нагласам и ова е една забелешка за предлагачот, во иднина да води грижа да се прифатат и проектите кои навистина се однесуваат за интересот на граѓаните. Ние имаме многу проекти кои произлегуваат од Тетово, Гостивар и Кичево со години наназад, но никој ги нема почитувано истите проекти. Да одиме понатаму, колку проекти се предложени од Куманово и сега да го спомнам само Липково кое има многу проекти, дури проекти за водоводот, но никој не предлага некој проект што владата на РМ да биде гаранција за земањето на задолжените средства од некоја друга светска банка. РМ не дава гаранции за задолжување на средства од разни светски организации, од разни меѓународни организации, доколку за проектите кои доаѓаат од предлагачите кои се од западна Македонија. Затоа уште еднаш апелирам до Владата и до државата, до државните институции, да го имаат во предвид фактот вакви проекти да се гарантираат од страна на државата и за иницијативите кои произлегуваат од западниот дел на РМ., затоа што на крајот на краиштата овде пред вас ви е Злетовица. ако за неколку години не се платат овие средства, овие средства ќе се платат од буџетот на државата, а буџетот го исполнуваме сите ние без оглед на нашата национална припадност или нашата територијална припадност каде живееме, на север, запад, или исток. Затоа бидете внимателни, гаранции треба да се дадат за сите и државата да не ги одвојува граѓаните, или територииите во први,

или втори категории, граЃани од прв ред,  или граѓани од втор ред. Затоа треба и проектите кои доаѓаат од другите делови на Македонија треба да се поддржуваат  од овој парламент и да се даваат гаранции дека  и тие ги покрива државата и државата  дава гаранции за проекти кои се предложени и кои ќе се предлагаат во иднина.

ЛИЛЈАНА ПОПОСКА:

Г-динот Слободан Даневски се јави за реплика.

Колеги, имаме само уште пет минути. Убаво би било да можеме, нема друг пријавен, за да може да го изгласаме Законот и да одиме како што сме договорени.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас верувам дека г-динот Абдулади ќе гласа за законот. Можеби мене ме иритираше затоа што ја дели и една и друга Македонија. Мислам дека тоа беше ненамерно. Она што би сакал, еве, денеска е празник на муслиманите, да дојде во Свети Николе да види како град со 15 илјади жители се снабдува со вода, со една цистерна, да помине по патиштата, да помине со неговиот мерцедес од Велес да оди до Струмица, се ќе види само  асфалт нема да види, дупка до дупка. Да ги види селата, да види како живеат, и било добро. Едно време знаете што правеа на децата екскурзии: запознај ја својата татковина. Ги шетаа со автобус. Тој има мерцедес, може за еден час да дојде, нека биде гостин кај мене, би го прошетал да ги види селата, да види како живеат. Тогаш би се запрашал, каде живееме ние, каде се наоѓа ова, која е оваа држава? Кога не дошол, а коментира, мислам не е фер. Јас сум поминал, знаете што е Тетово, Гостивар, селата, тоа е како во Швајцарија. Да не ве нанесе во источниот дел на Македонија, тоа е катастрофа. Застанал часовникот и застанува времето. Да не зборуваме наназад да гледаме по бројки колку инвестиции, кои задолжувања, не е моментот сега. Верувам дека г-динот ќе ми биде гостин и ќе гласа за овој проект.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Вејсели за реплика на репликата, една минута.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван г-дине, не сакам да се разбереме погрешно, јас мислам дека преводот е добар, добри се нашите преведувачи, мислам дека не треба вие поинаку да разбирате тоа што се кажува. Мислам дека никој со ниедна реченица не реков дека сум против овој проект. Дури реков намерно дека и ќе гласам за овој проект. Меѓутоа, јас тука направив една друга споредба, државата, Владата не ги третира на исто ниво и еднакво, не само оваа Влада туку и другите, и другата пред оваа четири,

пет години наназад државата не гарантира за проект кој се однесува на Западна Македонија. Јас немам ништо против овој проект за источна Македонија и многу други проекти што се однесуваат на Источна Македонија да се гарантираат, меѓутоа, треба да има и такви проекти и за западна Македонија за кои ќе гарантира државата и да се задолжува, затоа што ниедна светска банка не дава пари, средства, доколку не гарантира државата. Затоа јас мислам дека треба да дадете еднаков третман за сите проекти кои конкурираат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави Роза Топузова Каревска.

РОЗА ТОПУЗОВСКА КАРЕВСКА:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, сметам дека сега кога на дневен ред е еден закон кој што е од суштествено значење за дел од граѓаните на РМ, некој да прави евтин политички маркетинг и притоа да ги дели граѓаните и земјата на западен и источен дел е многу недолично и тој не и мисли добро на Македонија, ниту пак на заедничкиот соживот. Вака г-дине Вејсели не можеме да бидеме конструктивни и да работиме, притоа, ги доведувате во заблуда и луѓето кои што гласале за вас и ви ја дале довербата..

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Не ја разбрав г-ѓа Топузова што сакаше да каже. Јас тука не манипулирам со мојот електорат, туку токму мојот електорат ме обврза денес да земам збор тука и да запрашам до кога еден дел од граѓаните на Македонија и натаму ќе се нарекуваат граѓани од прв ред, а другите ќе останат граѓани од втор ред. Г-ѓа Топузова јас вам ќе ви го кажам и ова, дали се сеќавате дека овој парламент дал гаранција за некој проект во однос на некоја меѓународна банка како што е јапонската банка денес, за некој проект кој што потекнува од Западна Македонија? Доколку вие имате еден таков пример, изнесете го пред сите. А јас имам пример дека пред две години два проекти поминаа за источна Македонија кога РМ гарантираше за средства кои што ги даваше канадската, јапонската банка, европската банка итн. Доколку вие имате пример за проект за Тетово, Гостивар, Струга, Дебар, повелете изнесете го. А јас познавам многу проекти кои што ги гарантира РМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-ѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитувана потпретседателке, би сакала само на кратко на колегата Вејсели да му кажам и да му дадам одговор на прашањето, зошто досегашните Влади

ниедна не прифатила проекти на здруженија на граѓани, на фондации, од западниот дел на Македонија. Колега, Вејсели, вие не знаете, може би знаете во Тетово од 6 месеци во текот на летниот период, претпоставувам дека и во текот на целата година имате редовно водоснабдување. Дојдете во источниот дел на Македонија, посебно во Штип и да видите од мај месец, или од април месец до месец ноември колку дена ние имаме вода. Затоа почитуван колега Вејсели овој проект значи живот за источнот дел на Македонија и не се работи за проект на здруженија, на фондации, или на незнам какви други групации, туку се работи за основен елемент за животот на еден човек, а тоа е водата. Ве молам, понатаму немојте да давате политички конотации на нешто што значи живот во источниот дел на Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во моментот е 14,47 часот. Ние сме договорени, сите сме поканети од Координативното тело за одземање на нелегалното оружје да се придружиме на маршот против оружјето. Мислам дека сите сме свесни колку е значајно, тоа е дел од кампања за закон кој што ние самите овде го донесовме. Мислам дека треба да го почитуваме она што сме го донеле и сите граѓани кои што веруваат дека сериозно сме го донеле и сериозно ќе ја поддржиме оваа акција. Затоа јас би предложила сега да направиме прекин, со тоа што г-дин Вејсели ќе даде реплика на репликата, одговор на репликата во една минута. Доколку имаме разбирање можеме да гласаме веднаш доколку не, ќе ја прекинам седницата.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Јас не ги разбирам пратениците кога мојата дискусија ја надоврзуваат со она дека, велам дека не треба да има вода во Пробиштип. Јас знам дека водата е неопходна и е повеќе од потребна за човекот. Овде да не ги менуваме тезите. Јас уште еднаш реков претходно и повторно ќе нагласам, јас во овој случај велам дека забавнот дел на РМ многу малку се поддржува од државата давајќи гаранции за евентуални кредити. Оваа работа никој не може да ја негира. Доколку има водовод во селата во Тетово и Гостивар, верувајте ми дека тие ги направиле сами, а државата не помогнала во оваа насока. Значи, да бидам јасен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пријавен е за дискусија и г-динот Исмет Рамадани. Доколку инсистира да остане на својата дискусија, тогаш, ќе ја прекинам седницата. Доколку се откаже како пријавен, тогаш да гласаме.

Господинот Исмет Рамадани се откажа од дискусија.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжувње на РМ со заем  кај јапонската банка за меѓународна соработка по договорот за заем за реализација на проектот за подобрување на искористување на водата во базенот на реката Злетовица.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 72 за, и 2 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и текстот на Предлогот на Законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 66 за, 2 воздржани.

Констатирам дека е усвоен и предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор?  (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 70 за, 3 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за задолжување на РМ со заем кај Јапонската банка за меѓународна соработка по договорот за заем за реалилзација  на Проектот за подобрување на искористување на водата во базенот на реката Злетовица.

Нека ни е честито.

Со ова ја прекинувам седницата, ќе ја продолжиме  во понеделник со почеток во 10,00 часот.

Сега, ве повикувам сите што сакаат да дојдат во холот и од таму да се упатиме заедно со координативното тело до плоштадот.

(Седницата прекина во 14,50 часот.)